MACEDONIA
# Македонија
NEWSPAPER

June 08, 2018 ■ Volume 35, Issue 8(404) ■ Free www.macedonianewspaper.com



# Ohrid and Lake Ohrid - Macedonia

**Македонија**

Е месечен весник, гласило на Македонците во Северна Америка.

Излегува во првата седмица од месецот.

Првиот број на "Македонија" излезе на први ноември 1984 година и оттогаш весникот излегува редовно, секој месец уредуван од Танас Јовановски за-



клучно со октомври 2013-та година од кога истиот е под уредништво на Соња Лозановска.

Почитувани читатели и соработници:

Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат во Редакцијата најдоцна до 1-от ден во месецот, за да бидат објавени во бројот за тој месец.

ЗАБЕЛЕШКА: коментарите објавени на страниците на овој весник со потпис на авторите или изворот на информацијата се мислења на истите и не секогаш го одразуваат ставот на Редакцијата.

Редакцијата на "Македонија" е одговорна само за текстовите без потпис.

Материјалите испратени на адреса на овој весник стануваат негова сопственост, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

Помогнете го весникот Македонија, помагајќи го ја помагате македонската заедница, македонскиот збор, македонската вистина..



*Со почит*

*Соња Лозановска*

*Главен и одговорен уредник*

Техничко уредување и дизајн

Оливер Петковски

Our address:

**Macedonia**

**1840 Bloor Street,**

**Suite 711**

**Mississauga, ON**

**L4X 1T2**

*Tel. 905-625-9129*

macedonia.canada@yahoo.com

Published by

901039 Ontario Limited




## *Почитувани читатели,*

**Продолжувањето на нашата мисија во зачувување на македонската култура, јазик, идентитет и традиции е невозможно без вашата поддршка и помош. Затоа Ве покануваме да го помогнете и да се претплатите на весникот ,,Македонија,,. Истиот ќе биде доставен во првата седмица од месецот до вашиот дом или работно место.**

**За информации контактирајте не' на:**

**Тел: 905-625-9129**

**Мобилен: 416-827-0954**

**E-mail: macedonia.canada@yahoo.com**

**http://www.macedonianewspaper.com/**

**facebook: Macedonia Newspaper**

**Ви благодариме.**

**Поздрав,**

**со почит од уредникот**

**Соња Лозановска**

## Голема благодарност до нашите соработници:

***Танас Јовановски*** - поранешен уредник на весникот ,,Македонија", колумнист

**Генерален Конзулат на Р.Македонија** -Торонто,

**Амбасада на Р. Македонија** – Отава

**Генерален Конзулт на Р. Македонија** во Детроит

***Мето Колоски*** - вести од Обединетата Македонска Дијаспора

***Бил Николов*** за Македонското Меѓународно движење за човекови права

***Никола Петковски*** - креатор на крстозборот за весникот ,,Македонија"

***Ѓорѓи Николов*** - за рубриката ,,Читателско ќоше"

***Марија Ангелевски*** - "Рецепти со Марија"

***Зоран Андоновски*** – соработник, печатар

***Ташко Кубановски*** - за рубриката ,,Афоризми"

***Зоран Карапанчев*** - фотографер, соработник

***Боне Темелков***

Специјални Дописници:

Од Мала Преспа, Албанија известува ***Васил Стерјовски***

Од Тирана и Голо Брдо известува ***Никола Ѓурѓај***

Од Бугарија за весникот Македонија: ***Стојко Стојков***

***Славе Катин***

## NEWSPAPER Macedonia AVAILABLE AT THESE LOCATIONS

If you would like to subscribe an receive copies at your business , home or organization please let us know by email: macedonia.canada@yahoo.com or call 905-625-9129

**The Macedonian Orthodox Cathedral "St. Clement of Ohrid"**
76 Overlea Blvd. - Toronto, Ontario - M4H 1C5
Phone: 416-421-7451;
Fax: 416-421-0721
E-mail: info@stclementofohrid.com

**St Ilija Macedonian Orthodox Church**
1775 Bristol Rd W, Mississauga, ON
(905) 821-8050

**St. Dimitrija Solunski Macedonian Orthodox Church**
201 Main St N, Markham, ON
(905) 471-5555

**St Nedela Macedonian Orthodox Church**
485 Bayly St W, Ajax, ON L1S 6M7
(905) 426-5355

**St. Nicholas Macedonian Orthodox Church**
5225 Howard Ave, Windsor, ON N9A 6Z6
(519) 966-6257

**St. Naum of Ohrid Macedonian Orthodox Church**
1150 Stone Church Rd E, Hamilton, ON L8W
(905) 387-0111

**Macedonian Orthodox Church St. Arhangel Michael**, Phoenix Arizona.
22815 W Sierra Ridge Way
Wittmann Arizona 85361-8774

**CANADIAN MACEDONIAN PLACE**
850 O'Connor Drive, Toronto, Ontario, Canada M4B 3L6
Ph: 416.755.9231
E: zcokov@canadianmacedonianplace.com
E: mdonakovski@canadianmacedonianplace.com

**California Bar & Grill**
914 Pape Avenue
Toronto, ON M4K 3V2
East York

**Canadiana Flowers**
Eglinton Square
www.torontoflorist.com
(416) 265-6867

**Najdova Vera Dr**
2390 Eglinton Ave E, Scarborough, ON M1K 2P5
416-750-0200

**The Mechanics Shop**
79 Winter Ave
(416) 267-6033

**Coffee Time Donuts**
371 Old Kingston Rd, Scarborough, ON M1C 1B7

**Lucas Automotive Services**
6456 Kingston Rd, Scarborough, ON M1C 1L4
lucasautomotive.ca
(416) 284-199

**Stari Grad**
3862 Bloor St W, Toronto, ON M9B 1K9
starigrad.ca
(416) 916-2075

**Markland Wood Pharmacy**
4335 Bloor St W, Etobicoke, ON M9C 2A5

**Old Mill Pastry Mississauga**
9780 Burnhamthorpe Rd. W. Mississauga, Ontario
(905) 232-5246

**Royal Meats**
3635 Cawthra Rd, Mississauga, ON L5A 2Y5
royalmeats.com
(905) 279-3261




# JIM VASILEVSKI

Sales Manager
Formula Honda
Tel: 416-754-4555 Ext. 2704
Fax: 416-754-9465
E-mail: jim@formulahonda.com
Web: www.formulahonda.com



# BILL BEKAROVSKI

Sales&Leasing Consultant
Cell: (416) 999-1237
tel: (416) 754-4555 Ext.2022
bill@formulahonda.com



# TONY STOJANOVSKI

e-mail tony@formulahonda.com
work # 416-754-4555 x2708
cell # 416-428-7007



2018 Nissan Sentra 1.8 SV
NEAR BRAND NEW | SUNROOF | REAR-VIEW CAMERA
Price: $17,800 Kilometers: 11,514 km



2017 Hyundai Santa Fe Sport 2.4 SE
Price: $25,300 Kilometers: 35,319



2017 Lexus RX 350
RX 350 | F-SPORT | NAVIGATION
Price $51,975 Kilometers: 16,523



2016 BMW 320i xDrive
310i | HEATED SEATS | X-DRIVE
Price $28,200 Kilometers: 50,525



2011 Hyundai Sonata 2.0T
NAVIGATION | REAR-VIEW CAMERA | HEATED SEATS
Price: $9,950 AWD Kilometers: 121,257



2016 Honda CR-V EX
EX | ALL WHEEL DRIVE | SUNROOF
Price $25,590 Kilometers: 40,045



2016 Jeep Wrangler Unlimited Sahara
SAHARA | NAVIGATION | LOW KM!
Price: $36,565 Kilometers: 23,571



2017 Subaru Impreza Sport
ALL-WHEEL DRIVE | NAVIGATION | SNOWS!
Price: $ 28,950 Kilometers: 21,700

HONDA

# Formula Honda

Where You're Treated like Family.

# Амбасадата на Р.Македонија на оригинален начин ја претстави Македонија на фестивалот на лалињата во Отава

На овогодинешниот Фестивал на лалињата кој се одржува од 11 до 21 мај 2018 г. Амбасадата на Р.Македонија во Отава се вклучи и во проектот World 5-Foot Tulip Friendship Garden каде преку декоририрање со национални мотиви на статуа во форма на лале висока 5 фита (152см) имаше можност на оригинален начин да го изрази пријателството помеѓу Канада и Република Македонија.
Уметничката обработка на статуата лале со која се претстави Република Македонија го изработи Кристина Димовска, заедно со тимот на 3 соученички,Ghalia Najjar, Tonee Cuya, и Samantha Maingot, сите студенти од Гимназија Лизгар. Со несебична подршка и заедничка работа успеаа да ги пренесат мотивите во вид на мозаик, откриени во археолошкото наоѓалиште Хераклеа крај Битола.



## Фестивал на лалињата во Отава

Во рамките на познатиот Фестивал на лалињата во Отава, со посредство и поддршка на 26 амбасади меѓу кои и Амбасадата на Република Македонија, се вклучи во регионалното претставување на етно-заедниците на пријателската сцена на 12 Мај организирана од Република Турција-“Turkish Story of the Tulip“ забележителен настап покажа КУД “Здравец” при МПЦ “Св. Димитрија Солунски” од Маркам (Торонто) , кое со сплет на традиционални македонски ора, ги воодушевија бројните посетители во павилјонот Aberdeen во Lansdowne Park. Учеството на КУД Здравец на настанот го проследија Амбасадорите на Република Македонија и Република Турција. По успешниот настапот Амбасадорот Тони Димовски им упати срдечни честитки на членовите со желби за натамошна успешна промоција на македонската култура и фолклор во Канада.

## Canadaian Tulip Festival 2018

The Embassy of the Republic of Macedonia in Ottawa took part in the Tulip festival and has participated in the project World 5-foot Tulip Friendship Garden among 156 other countries. As an Embassy we engaged a group of grade 12 Lisgar Collegiate Institute students, which did a remarkable job and a great artistic work all together, while learning about our culture and heritage.
This group was formed by Kristina Dimovska, student in 12th grade, Lisgar CI, from Republic of Macedonia and the unselfish assistance from her 4 peers from the same high school: Ghalia Najjar, Tonee Cuya, and Samantha Maingot
This 5foot Tulip - Art of work, represents a unique Peacock, which is symbol of renewal and immortality in Christianity. Noted as one from the oldest Byzantium period , and was inspired by an archaeological mosaic discovery in our country Republic of Macedonia.
Named “ HERACLEA” according to the name of the oldest cities in Macedonia from the Byzantium period , where peacock mosaics were discovered.





# Има решение на т.н. „проблемот“ за името



Битни се следните принципи во меѓународното право:
1. Државите немаат ексклузивни права на државни имиња. (РМ е правен идентитет на држава со дефинирани граници, а Македонија е назив на гео. регион)
2. Менувањето државни имиња не влијае на територијалните права и обврски на своја, како и на туѓа држава. Ниту овие менувања може да се толкуваат како територијални претензии или иредентизам.
3. За правниот идентитет (ИМЕТО), како елемент од меѓународноправниот субјективитет, не е релевантен претходниот историјат или потекло на народот, како ни физички и популациски карактеристики на територијата.
4. Спорови меѓу државите за државни имиња не постојат. Не може во ова суверено право да се врши легално интерферирање од ОН или членка, ниту непризнавањето од една држава да се толкува како спор или разлика (поблага форма на спор во дипломат. жаргон).
Во случај со македонскиот прием во ОН направена е ЗАМЕНА на тези и едно непризнавање е преформулирано како РАЗЛИКА или спор. Инаку, ваков спор во Меѓународниот суд не би бил прифатен, туку отфрлен, па Советот за безбедност беше згодна инстанца за непризнавањето да се формулира и подигне на ниво на СПОР. (Модел: УНИВЕРЗАЛНО НЕПРИЗНАВАЊЕ) Од фактот дека државноправниот идентитет (т.е. името) е правна категорија, која е есенцијален елемент на правната личност, ова е супстанцијален елемент на државноста (со суверена власт, територија и популација), произлегува дека ОН-органи во македонскиот прием ги пречекориле своите овластувања.
Елементите на ДРЖАВНОСТ во меѓународното право се: 1. суверена власт; 2. територија; 3. популација односно народ, под јурисдикција. Елементот суверена власт го вклучува и ПРАВНИОТ СУБЈЕКТИВИТЕТ, а овој како основен елемент го содржи ПРАВНИОТ ИДЕНТИТЕТ, односно ИМЕТО (ПРАВНИОТ ИДЕНТИТЕТ=ИМЕТО).
Заклучок е дека таквите преговори за името се БЕСПРЕДМЕТНИ. Спорот е замена на теза. Постои само непризнавањето од една држава.
(Суверенитетот на Република Македонија се однесува не само на правно дефинирана територија (територијална јурисдикција) туку и на народот односно граѓаните што живеат на таа територија и се под јурисдикција на државата Република Македонија.) Историските присвојувања не можат да бидат предмет на спорот.
5. Битен принцип е и дека државното име не може да се: украде, фалсификува или наметне, како што не може ниту да се одземе (од ОН) или да се преформулира. Исто така, од овој принцип произлегува дека државното име не може да биде предмет на (лимитирани/конечни или бесконечни) преговори, ниту на друг начин да се проблематизира ваков идентитет однадвор, навлегувајќи во строгата внатрешна јурисдикција.
6. Право на поседувањето на правен идентитет на државата и самоопределување на истиот тој е норма јус когенс (т.е. норма над диспозитивниот дел од правото). Правниот идентитет на државата е и внатрешна УСТАВНА ПРАВНА КАТЕГОРИЈА. Ова право јус когенс не е предмет на какво било надворешно уредување или мешање!
Формулацијата во ОН Резолуцијата 817 или 845 на СБ дека двете држави ќе разговараат или преговараат за ДРЖАВНО ИМЕ е флагрантно кршење на Повелбата на ООН.
Заклучок: ГРЦИТЕ НЕМААТ ЛЕГИ¬ТИМНИ БАРАЊА ВО Т.Н. „СПОР“ ИЛИ Т.Н. „РАЗЛИКА“. НИТУ ЕДНО НИВНО ПРАВО НЕ СЕ ДОВЕДУВА ВО ПРАШАЊЕ, ОДНОСНО НЕ ПОСТОЈАТ ПРАВНИ ОСНОВИ ЗА НИВНИТЕ БАРАЊА.

**Професор д-р Игор Јанев**

MACEDONIA Македонија NEWSPAPER

Qadcap ACCREDITED
AS9100C & ISO9001:2008 Certified
VACDEV VAC DEVELOPMENTS LTD.
2270 Bristol Circle, Oakville Ontario L6H 5S3
Bill Hristovski
• Aerospace Machining
• Precision Sheet Metal
• Certified Welding
• Complex Assembly
Tel: (905) 855-6855 x 288
Fax: (905) 855-6856
Email: billh@vacdev.com
www.vacdev.com

# Macedonian National Day
# ILINDEN








Организацијата Обединети Македонци со години традиционално ги прославува Илинденските празници со големиот Илинденски Пикник.
Годинава Големиот Илинденски Пикник по 60 пат ќе се одржи во недела 5 август во паркот на Обединетите Македонци што се наоѓа на 21351 HY 12 во гратчето Скугог.
Годинава се навршуваат 115 години од славното Илинденско Востание, 74 години од АСНОМ, како и 27 години на Самостојна Слободна Република Македонија.
По тој повод Управата на Обединетите Македонци со претседателот Мендо Бакаловски Ве повикува сите во што поголем број да земеме масовно учество на годинашните Илинденски прослави со што ќе им оддадеме заслужена почит на Македонските Херои, знаени и незнаени кои ги дадоа своите млади животи пред Олтарот за Слобода на Целокупна Македонија.
ВЕЧНА ИМ СЛАВА!

*Прославите ќе се одржат по следниот ред:*
*Сабота 4 август со почеток во 10 часот изутрина Света Архиерејска Литургија во нашата Македонска Православна Црква Св. Климент Охридски во Торонто.*
*Веднаш по Светата Литургија ќе се положат Венци и свежо цвеќе пред споменикот на паднатите борци за Македонија и Канада.*
*Недела 5 август, сите патишта водат кон Големиот Илинденски Пикник во паркот Илинден Парк што се наоѓа на 21351 HY # 12 .*
*Паркот се отвора од 8 часот наутро (8:00 AM).*
*На пикникот со Македонска Патриотска Музика ќе не забавува Соња & оливер Бенд.*
*Влезот за Пикникот е само $10.00 за човек.*
*Сите сте добродојдени.*

## Поканети се Специјални гости од Македонија

*The United Macedonians Organization of Canada invites you all to join the*

## 60th ANNUAL
# ILINDEN PICNIC

**Sunday, August 5th, 2018**
**United Macedonians Ilinden Park**
**21351 Highway 12, Scugog, ON**
**Live music from Sonja&Oliver BAND**

*Admission $10 per person. Children under 12 free*
*Dancing | Macedonian Food | Children's Playground | Vendors*
*For info: 416-988-8596 info@unitedmacedonians.org*



# Зар има потреба од втор референдум?



*Танас Јовановски*

На осми септември 1991 година македонскиот народ на референдум со огромно мнозинство се изјасни за својата иднина во независна суверена Република Македонија. И овде се става точка. Тоа е биографијата, тоа е историјата на државата Македонија, тоа е поновата историја на македонскиот народ. Првиот претседател на независна Република МакедонијаКиро Глигоров во свое време рече дека тој нема право како претседател на државата да го менува нејзиното име како што нема такво право и било кој друг. – Тоа е сопственост на македонскиот народ. Јас би додал дека тоа име е сопственост на сите поранешни и идни генерации Македонци.

Македонските политичари и лидери опкружени со десетици внатрешни и уште повеќе надворешни безполезни советници застапуваат ист став во однос на решавањето на прблемот што го има Грција со нашето вековно име. Идејата беше на поранешниот премиер Никола Груевски кој рече дека проблемот со името ќе биде ставен на референдум. Покасно Бранко Црвенковски како лидер на опозициската СДСМ ја прифати идејата на Груевски, а истото тоа го стори и сегашниот премиер Зоранчо Заев.

Со референдумот од 1991 година јасно и гласно беше потврдено името – Република Македонија – име за кое со векови се бореа и гинеа безброј македонски патриоти. Дали вчерашните и денешните лидери ќе ги повикаат од гробовите тие херои да се изјаснат на евентуален референдум за името за кое ги жртвуваа своите животи?

Минатогодишниот референдум на Каталонците во Шпанија му даде на знаење на западната "демократија" дека тие се за своја независна држава Каталонија. Нажалост, Шпанија и европските држави не ја испочитуваа желбата на каталонскиот народ кој со векови се бори за самостојност. До денес нема никакви преговори за решавањето на каталонската иднина. Нема ниту подршка за каталонската кауза. Од друга страна, референдумот во Велика Британија даде зелено светло за излез од членството во Европската унија за таа земја.

Ги спомнав двата референдуми (во Шпанија и Велика Британија) за споредба со одржување референдум во Република Македонија. И во двете западни држави до референдуми се дојде по масовни движења на народите во тие земји, а не по желба на нивните државни раководства. Во Република Македонија до денешен ден (15 мај 2018 година) не ми е познато никакво движење за промена на уставното име на нашата земја. Нема такво движење дури ни од страна на некое од малцинствата во земјата. Кога е така, со какво право овие недораснати политичари ни нудат решенија кои можат да и' нанесат на нашата земја и македонскиот народ несогледиви последици?

Ако за нешто има место за референдум, тоа е референдум за прекин на преговорите со Грција. Преговорите се добивање време во прилог на Грција во очекување да се случи непожелна нестабилност како граѓанска војна или нов конфликт со Албанците во Македонија. Грција ја прекрши Привремената спогодба со Македонија со тоа што стави вето за влез на Македонија во НАТО на самитот во 2008 година во Букурешт. Со Спогодбата Грција беше обврзана да не го попречува членството на Македонија во било која европска и светска институција. И, како што напишав погоре, ако за нешто во Македонија е потребен референдум, тогаш тоа би било референдум за прекин на преговорите за нашето вековно име за кое има движење како во Република Македонија така и кај македонските малцинства во соседните земји и секако во македонската дијаспора. Аргументи во прилог на прекин на преговорите има цел куп, за кој често сум пишувал, а овој пат ќе ја спомнам само пресудата на Меѓународниот суд во корист на Македонија.

Кристално јасно е дека изгубен судски спор значи вина на осудениот. Во случајот, виновникот е уценувачот Грција. Го поставувам прашањето, драги читатели, зошто по судското решение Македонија наместо да ги прекине преговорите продолжува да преговара до ден денес со УЦЕНУВАЧОТ Грција. Прекршен договор значи нема договор. Ако правото на самоидентификација загарантирано од страна на Организацијата на Обединетите нации Конвенцијата за човекови права гласи (член 1: Сите народи имаат право на самоопределување) тогаш ние чукаме на погрешна врата. Од друга страна, Канада, САД и редица други земји големи и мали, од уценувачите бараат ослободување на заложниците без надокнада, а Македонија како заложник наместо да ја бара правдата таму каде потекна спорот, се држи како пијан за плот повеќе од две децении преговарајќи со УЦЕНУВАЧОТ за својата иднина. Каде се бенефициите од тој судски процес за кој Македонија инвестираше големи суми на пари?

## Readers Corner

# Нашите против Вашите ... или обратно. Како ви одговараат.

Немат ден да к'де год им се дајт шанса да излезет прет камера, разно-разни анонимуси, нови фаци, (сите желни за афирмација, за излез од калливите, неасфалтирани сокаци од нивното трауматично и исфрустрирано детство) со гн'сејне зборвет за некакоф си "клан". А с'мо до чера овие пак, (со подобар вокабулар) то истото го нареквеа "фамилија". А да! И овие се грозеа от тој збор. И овие нештедеа дрва и камејна.

И за Вашите и за Нашите, тука, имат гооолема разлика. Непремостива, неопростива, не...

Да! Овие два збора, вообичаено, се толкувет различно. Така одет и во контекст. Така му звучит и на најнеукиот. Клан, му идат некако лошо, неубо, страшно... а фамилија, добро, мило, блиско...

На хартија да. Дали (во случајоф) и во пракса?!

(колку за евиденција... во пракса се покажало дека на кланот можит чоек да се потприт, а фамилијата да разочарат. Шо неморат пак и да значит)

Вие? Шо велите вие, нарооде македооонски??!!

Сто Дена Ова Влада!

Сто Дена Она Влада!

Имат некоја разлика во Нашите и Вашите Сто Дена? Гледате разлика? Осештате разлика? Осештате сигурност?

Имат некоја разлика во нифниот речник ко ќе излезет по телевизиите?

Имат некоја разлика во насловите во новините?

Сте осетиле некоја разлика во дебелината на вашиот паричник, новчаник, ќесе, ѓузден... како сакате наречете го.

Гарант не!!!

Е, така гладни и жедни, молкум, утре пак излезете да им дајте поддршка на Нашите и Вашите. Тифко, мирно, наведнати и погрбаени, исполнете го граѓанскиот долг, и право ф кафана на мудрување. Кулминација ќе бидит најважното збиднување во фамилијата. Вашата Куќна Слава. Таму, пред најмилите и пред пријателите ќе го покажите сето ваше знаејне, умеејне, моќ на расудувајне и недај Боже и моќ на војување.

А то ти е! Античките гени не се за потценвејне!!

Е па Ваши и Наши, останете ми здрави и живи до некој други Сто Дена.

***Ристо Ристе***



**Have you been to Hamilton lately?**
**Reasonably priced & affordable! Come have a look!**
**For proven, trusted & professional service, contact your Macedonian Realtor:**



Chris Klashoff
Sales Representative
Business: 905.574.4600
Fax: 905.574.4345
chrisklashoff@royallepage.ca
www.chrisklashoff.com
ROYAL LEPAGE STATE REALTY
987 Rymal Rd. E. | Hamilton, ON | L8W 3M2
Your partner to success!

## Readers Corner

1) “Nimitz pressed for a change of the Macedonian constitution”

Not only USA, NATO, EU is helping Greece against the Republic of Macedonia now we have Nimitz from the United Nations pressing the Macedonian government to change it's constitution. Now we have irrefutable evidence that USA, NATO, EU and the United Nations is meddling in the internal affairs in the Republic of Macedonia. It is definitely not Russia.

"Нимиц се заложи за промена на македонскиот устав"

Не само САД, НАТО и ЕУ ѝ помагаат на Грција против Република Македонија, сега имаме Нимиц од Обединетите нации, притискајќи ја македонската влада да го промени својот устав. Сега имаме неоспорни докази дека САД, НАТО, ЕУ и Обединетите нации се мешаат во внатрешните работи во Република Македонија. Тоа дефинитивно не е Русија.

2) I cannot comprehend why Zoran Zaev and Nikola Dimitrov are talking about the Macedonian constitutional name with the Greek foreign minister, Nikos Kotzias. Their talks are secret to change the name, nothing is disclosed openly about the meetings to the opposition party and the president of Macedonia Giorgi Ivanov. Dimitrov and Zaev are getting orders what to do from the American ambassador Jess Bailey. This is against the Macedonian constitution. Both Zaev and Dimitrov, who do not support their own country, should end up in Idrizovo (prison) immediately.

Не можам да разберам зошто Зоран Заев и Никола Димитров зборуваат за уставното име на Македонија со грчкиот министер за надворешни работи, Никос Коѕијас. Нивните разговори се тајни за промена на името, ништо не се открива отворено за состаноците на опозициската партија и претседателот на Македонија, Ѓорги Иванов. Димитров и Заев добиваат наредба што да прават од американскиот амбасадор Џес Бејли. Ова е против македонскиот устав. И Заев и Димитров, кои не ја поддржуваат својата земја, веднаш треба да завршат во Идризово (затвор).

3) From the Greek newspaper Ekathimerini.

“During a visit to Skopje on Friday, European Council President Donald Tusk suggested that the Former Yugoslav Republic of Macedonia's accession to the European Union was close even as talks between Greek and FYROM diplomats aimed at resolving a dispute over the Balkan country's name continue.

“A new and very promising chapter in your country's history will soon begin,” Tusk said, speaking in the local Slavic dialect.”

I would like to know from the Greek newspaper, Ekathimerini, what they mean by “the local Slavic dialect”. Which is that local Slavic dialect they referred to? The Russian, Belorussian, Ukrainian, Macedonian, Serbian, Montenegrin, Croatian, Slovenian, Czech, Slovak, Pomak, Polish or Bulgarian?

I cannot comprehend the continued ignorance of the Greek mass media when they write this rubbish. Do they think that the entire world will continue to fall prey to their misinformation. The world is making fun of them.



George Nicholov

# Нон пејпер



*Александар Русјаков*

Македонија доби „нон пејпер“ од Европската Унија. Што, по ѓаволите, им значи тоа? Ништо посебно. Значи, дека нема да добиеме датум за почеток на преговорите со Унијата. А зошто е тоа така? Од Брисел велат дека немало никакви видливи реформи. И не само тоа. зборуваат за корупција, лошо судство, нефункционална администрација. Можеви на Заев Македонија му блеска откако тој беше октроиран за премиер, но бриселските бирократи не гледаат така. Наеднаш онаа безусловна препорака за почеток на преговорите со која власта толку се гордееше и фалеше наоколу, падна во вода. Заврши хистеријата на провладините мегафони и нивната интелектуална бижутерија. Безусловната препорака била обичен фол. Тоа што ликови како Могерини, Јункер и Хан кои не се избрани на избори, се лигавеа дека Заев бил не знам каков реформатор, сето тоа нивно фолирање, отиде бестрага. Министрите за надворешни работи на земјите членки на ЕУ, оценија дека Заев и неговата влада немаат врска. Македонија доби нова шлаканица.

Јас не сакам Македонија да членува во ЕУ и НАТО. За мене и обете организации се лицемерни, пристрасни и нецивилизирани. Европската Унија ги погази сите цивилизациски, но и сопствени вредности за кои тврди дека се темел на нивното постоење. А ги прекрши врз нас. Врз Македонија и Македонците. Со поддршката на геноцидните барања на Грција за укинување на македонскиот идентитет, официјален Брисел се стави на страната на нацизмот. За НАТО воопшто да не зборувам. Тоа е организација која сосема го загуби компасот на сопственото постоење. Навистина, зошто НАТО воопшто постои? Сите нејзини акции во последните две три децении повеќе се теросристички отколку миротворни. Каде и да интервенираа донесоа хаос, смрт и терор. Во името на демократијата, освојуваат, окупираат и експлоатираат. Нафта и опиум, тоа се нивните мир и демократија. Кој нормален би сакал да биде дел од ваква злосторничка организација?

Но, еве, јас и моите светогледи не сме важни. Важна е само Македонија и нејзиниот опстанок. И што бидна? Октроираната влада на Зоран Заев во изминатиов период сосема ја понижи татковината отварајќи ги сите национални прашања. На наша штета, секако. Последно во низата велепредавства се случи околу безумниот предлог Република Илинденска Македонија. Не треба да се радуваме на фактот што Грците ја одбија заевата глупост. Проблем е што овојпат македонската страна прифати име за севкупна употреба и промена на Уставот. Грција всушност на овој начин извојува уште една политичка победа, а ние го жртвувавме сопственото битисување и тоа ерга омнес. Веќе следниот предлог што овојпат ќе го даде Нимиц или грчката страна ќе ни го смени уставното име и ќе не укине како Македонци. А во име на што Заев и неговата влада го изврши ова велепредавство? Во име на евроинтеграциите. Приказната што ни ја продаваа беше насочена кон тој факт, мораме да го смениме името за да влеземе во унијата, затоа што Македонија немала избор. И ете ја шлаканицата. Ние ќе се откажеме од самите себе, од сопствениот идентитет, а Брисел ни залепи „нон пејпер“. Заклучок: Заев е спремен сѐ да распродаде за да сме влезеле во ЕУ, Заев нема направено ниту една реформа за да влеземе во ЕУ, па оттука, Македонја ем нема да постои, ем нема ЕУ.

Во меѓувреме гледавме ТВ дуел. Во главни улоги премиерот Заев и лидерот на ВМРО ДПМНЕ, Мицковски. Гледав. И ме уби туѓиот срам. Тешко нас со нив. Првиот впечаток ми беше, о Боже, па овие збруваат во трето лице за себе. Ни Бог не зборува во трето лице за себе. Што се замислуваат овие двајца? Какви тоа величини гледаат во себе? Ај, на Заев се навикнавме, тој мртов ладен ни кажа дека лично Господ го црпнал од нивата. Не се опасни глупавите, туку глупавите кои за себе мислат дека се неверојатно паметни, па дури и избрани. Еден веќе имаме таков. Ама и Мицковски ли? Додуша Заев отиде и подалеку. Во еден миг крикна, „Ти Заев можеби си згрешил!“ Па дали е овој здрав(?), крикнав и јас пред телевизорот. Со овие двајца, кои за себе зборуваат во трето лице, не треба да се занимаваме ние гласачте, туку психолозите. Што друго човек да издвои понатаму од дебатата? Реално гледано, Мицковски беше подобар дебатер и излезе како победник. Наспроти неговите факти и бројки, Заев вообичаено збруваше будалаштини кои се врвна мудрост само за тукашната интелектуална бижутерија. Но, ваков заклучок би донеле само ако бевме Шведска. Или Канада. Ама ние живееме во Македонија, а нашата татковина е пред амбисот на идентитетското исчезнување. Делот каде што требаше да зборуваат за името, практично го претрчаа. Онаму каде што Мицковски можеше да ги растури велепредавничките потези на власта, тој „џентлменски“ не го искористи. Ужас невиден, кошмар на јаве, крајна безумност. За двојазичноста ни збор не кажаа. Цел час претураа од шупливо во празно околу економијата. И дуелот заврши.

Тажно, навистина тажно. Што сме му погрешиле толку на Бога, се запрашав, та еден храбар, чесен и мудар политичар да немаме за лидер. Некој што ќе се спротистави на безумноста која треба да ја обезличи и укине Македонија и македонскиот народ. Нема ли таков? Изопачената светска моќ секогаш избира марионети, полтрони и криминогени ликови. Со нив лесно манипулира. Така е во светот, така е и кај нас во Македонија. Единствената надеж ја гледам во фактот што ние Македонците сме навкнати на ваква состојба. Векови и векови минале, непријатели, ропства и пропаганди сме поминале, милиони обиди за наше укинување сме преживеале, ама пирејот пак никнува. Ете, таму ми е надежта. Дека и ова преку нашите плеќи ќе го истуркаме. А можеби пуста ми е надежта. Оти кога го гледам, слушам и читам својот народ се повеќе се плашам дека сме станале толку себични, саможиви и злорадосни што веќе ништо не ни значат нематеријалните нешта. Сме станале толку алчни и суетни што сме опседнати само со материјалната удобност. А таа, материјалната удобност знае да делоува како смртоносна дрога што ја убива душата.






# 1000 - ГОДИШЕН ЈУБИЛЕЈ НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА

*Пишува:*
*прота-ставофор*
***ИЛИЈА ДОНЕВ***
***E-mail: ilijadonev@gmail.com***
***Mob. 416. 898 – 0496***

Во 27-от и 28-от ден од месец мај годинава, во Охрид, ќе се одржи јубилејна прослава по повод 1000 години на древната Охридска архиепископија. Потсетувајќи се на овој голем настан за нашата Света Црква и за Македонскиот православен народ, како и за нашето духовното и црковно живеење, како во Татковината така надвор од неа, затоа сметаме за неопходно и на овој начин да го одбележиме овој јубилеј преку страниците на овој весник МАКЕДОНИЈА.

## Важноста на обновувањето на Македонската православна црква?

Обновувањето на нашата света Црква е од големо значење за нас Македонците. Нејзиното обновување всушност е наше духовно и национално воскреснување. Обновувањето на Црквата значи наше враќање кон Христа Спасителот и враќање на патот кон вечниот живот. Оти, човек без своја Црква е како дрво без корен. Македонскиот народ точно два века водеше борба за обновување на својата древна Црква – Охридската Архиепископија, која на неканонски начин, под силно влијание на грчките фанариоти, а потпомогнати и од бугарските пропаганди, во 1767 година, со одлука на Великата порта и турскиот султан и беше забрането дејствувањето. Велиме неканонски затоа што Охридската архиепископија не ја откажа лојалноста кон својата цивилна власт во Империјата, а освен тоа исцело се грижеше за духовниот растеж на својот народ – чување на христинската вера и негувањето на македонската култура и писменост. Токму тоа им пречеше на нашите вековни непријатели па користејќи го нашето неединство и меѓусебни подметнувања преку подмитувања и силни клевети издејствуваа одлука за нејзино укинување.

Нивната цел не беше искажувањето грижа кон Империјата туку, знаејќи го влијанието на црковната ерархија, која, пак, отсекогаш била со македонска свест, сакаа преку Црквата да ги остварат своите аспираторски цели. Затоа веднаш по укинувањето на Архиепископијата нејзините епархии беа дадени под управа на Цариградската патријаршија, а оваа пак, бидејќи отсекогаш беше под влијание на грчката политика, веднаш се зафати со воведување на нови реформи не само во богослужението туку и во школството. Најпрво во богослужбите и во училиштата беше исфрлен од употреба македонскиот јазик, а воведен грчкио, а подоцна и бугарскиот и српскиот. Новопоставената духовна власт воопшто не се грижеше за духовното издигнување на Православните македонци како и ширењето и одржувањето на христијанската вера во Македонија, туку, напротив, наметнување на ново политичко ропство и однародување на Македонците. Ова убаво го опишал и славниот поет Григор Прличев во песната посветена токму за укинувањето на Охридската Архиепископија кога вели: “...Ке прати владици Грци лицем светци срцем волци ќе ве мачат ќе ве стрижат ќе молзат до крв...“

Согледувајќи го ова Македонскиот народ веднаш по укинувањето на Архиепископијата поведе борба за нејзино обнновување. Но патот кон обновувањето не беше ни малку лесен. Претстоеше силна борба, а дадени беа и безброј човечки жртви. Конечно желбата беше исполнета и правдата задоволена во 1967 година кога Охридската архиепископија беше обновена во лицето на денешната Македонска православна црква – Охридска архиепископија.

Но, и покрај се, самостојниот статус на Македонската православна црква сеуште е оспоруван, а најповеќе од Српската православна црква. Ставајќи се во служба на грчките интереси таа денес е најголемата пречка кон меѓуцрковно признавање на Македонската православна црква. Проблемот не е ниту малку црковен ниту канонски туку – политички. Непризнавањето на Црквата како МАКЕДОНСКА доаѓа од непризнавањето на Македонската нација. Најпрво водејќи грижа, божем, за еклисиолошкото единство на православните Македоонци сега, како одминува времето, тие повеќе се декларираат како борци против името на нашата нација, држава и Црква одејќи до таму што преку нивните “сателити“ во Македонија, во лицето на т.н. ПОА, а кои се, пак, материјално добро потпомогнати од грчката држава, во неколку наврати побараа од европските институци НАТО и ЕУ - Република Македонија да не биде примена под нејзиното уставно име!? Каква иронија и какво лицемерие! Сите овие случувања јасно ни говорат дека борбата за македонското прашање сеуште не е завршена. Затоа секој од нас, зависно од сопствените можности, треба да даде несебичен труд кон сочувување на нашето име и нашата самобитност..

## Важни историски настани

По повод јубилејот во оваа прилика ќе се потсетиме на најважните моменти од историјата на нашата Црква: .

Христијанството во Македонија прв го проширил Св. апостол Павле. Уште тогаш се поставени темели на организирана Црква, а забележано е дека во 5-от век во Македонија постојат повеќе митрополии, а никнуваат и многу храмови.

За време на царот Јустинијан Први Скупскиот митрополит бил издигнат на ниво на автокефален Архиепископ, а архиепископот Јован Деветти, во 680 г. учествувал и на Трулскиот Шести Вселенски собор.

Светите Солунски браќа Методиј и Кирил ја составиле азбуката на словенскиот јазик врз основа на солунското говорното наречје т.е. наречјето на Македонцит и ја превеле Библијата, и другите книги, за извршување на светите богослужби. Нивното дело го продолжуваат Св. Климент и Св. Наум. Св. Климент во Охрид го основал првиот Универзитет не само во Македонија туку и во Европа, а Св. Наум, кој му бил верен помагател во црковното и културното дело, изградил манастир во Охрид.

За време на Самоил, 9-от век, организирана е Охридска автокефална Црква со достоинство на Патријаршија. Во текот на нејзиното осумвековно постоење и работење Архиепископијата била “столб и тврдина“ на Православието не само во Македнија туку и меѓу сите словенски народи.

Со пропаѓањето на славното Самоилово царство, во 1014 година на битката на Беласица, Охридската патријаршија во 1018 година била симната на степен на Архиепископија. Затоа оваа година го одбележуваме 1000- годишниот јубилеј на Охридската архиепископија. Иако Самоил бил поразен Архиепископијата продолжила да функционира како засебна афтокефална Црква. Верниот народ и понискиот ранг на свештенството секогаш биле Македонци.

Во 1767 укината е Охридската архиепископија од страна на турскиот султан Мустафа Трети, а нејзините епархии биле припоени кон Цариградската партијаршија.

Оттогаш македонскиот народ прави постојани обиди за обновување на Архиепископијата. Нејзините епархии сمениле неколку јурисдикции од соседните цркви. Особено биле жестоки борбите во 19-от век каде се развила силна пропаганда од страна на новосоздадените соседни земји (Србија, Бугарија и Грција) и првата половина на 20-от век.

Дури во во текот на Втората светска војна беа создадени услови за организирање на самостојна Црква во Република Македонија. Така во 1944 г. формиран е Иницијативен одбор за обновување на Архиепископијата во лицето на МПЦ.

Во март 1945 година, веднаш по ослободувањето, во Скопје одржан е Првиот Црковно-народен собор на кој е донесена одлука за обновување на Охридската архиепископија како МПЦ. Бидејќи пред Втората светска војна епархиите во Македонија беа под јурисдикција на СПЦ затоа оваа одлука е доставена до Архиерејскиот собор на СПЦ. Од страна на Синодот на СПЦ оваа одлуката е одбиена..

Во 1958 г. одржан е Вториот црковно-народен собор каде што е прифатен предлогот за обнова на Архиепископијата, а за нејзин прв епископ и поглавар е избран Доситеј.

На заседанието, одржано во јуни 1959 г . Архиерејскиот собор на СПЦ се согласи со одлуките на Македонскиот Црковно-народен собор.

На 19 јули 1959 г. во Скопје отслужена е заедничка архиерејска Литургија помеѓу српскиот патријарх Герман и Македнскиот Архиепископ Доситеј, а по неколкку дена и во Штип, и при тоа извршена е хиротонија на нови архиереј на МПЦ Климент и Наум. Со тоа МПЦ се здоби со своја независност.

Поради нарушени односи со СПЦ на 17 јули 1967 г. одржан е Третиот црковно-народен собир на кој е прогласена Автокефалноста на МПЦ.

Диацезата на МПЦ не се протега само во Република Македонија туку и во црковните заедници надвор од Македонија.

Денес МПЦ има 13 архиереи исто толку епархии, над 800 свештеници и монаси, бројни цркви и манастири, Богословија и Богословски факултет каде се изучува и формира сопствен кадар за нашите потреби. Непризнавањето на автокефалноста на МПЦ од страна на СПЦ е од политички и причини, а никако какнонски. Македонскиот народ, како и сите народи, има право на своја автокефална Црква.

**На многу години!**




Newspaper
Македонија
MACEDONIA
Editor
Sonja Lozanovska
Phone: (905) 625-9129
Cell: (416) 827-0954
E-mail: macedonia.canada@yahoo.com
Facebook: Macedonia Newspaper
http://www.macedonianewspaper.com



# Occasion: 1000th anniversary of the Ohrid Archbishopric



*Author: REV. ILIJA DONEV*
E-mail: ilijadonev@gmail.com
*Cell: 416. 898 – 0496*

*Translated in English by Mr. Chris Stefov*

## *WHAT IS A NATIONAL CHURCH?*

We believe in One Holy Ecumenical and Apostolic Church. Someone may ask "if there is only one Church then why do so many national Churches, like the Macedonian, Russian, Bulgarian, etc., exist?" There is one Church because there is one God. It is one according to the teachings of faith, of God, of the Lord Jesus Christ, of the Most Holy Mother of God, of the Holy Angels, and so on. It is one and only one because there is no salvation outside of the Church of Christ. The national division is only administrative. Every nation through the creation of a national church is given the opportunity to cultivate its own national values such as language, customs, culture, folklore, history and other characteristics that are unique to that nation and are different from those of other nations. This is why we say that a national Church is as important as a nation. Any denunciation of the national Church is, in fact, a denunciation of the nation. In this sense a nation or nationality does not contradict religion. On the contrary, they complement one another. A good believer is a good patriot.

But, it seems, today that concept is hard to understand. The so-called Progressive or Liberals of today seem to get hysterical at the mere mention of a nation or a nationality. Unfortunately, these very same things also happen to us in Macedonia. Today's biggest sin in Macedonia, it seems, is to say that you are a MACEDONIAN. Wounded by some sort of Western or so-called "modern" influence, the national feeling among Macedonians is being crushed. So, those declaring themselves as believers and patriots are being judged the same as being nationalists or chauvinists with an utterly negative connotation, believing that this kind of behavior should be stopped, uprooted and destroyed. It is sad but true. At the same time no one looks at or mentions the fact that other nations are profiting from our loss and becoming rich on our account. We must not forget that we the Macedonians have been and are influential in the world and that the "new" world order should begin with us!? All nations and states, even the largest democratic nations, must first protect their own national identity and statehood. Every politician, here in Canada or in the United States, in every public appearance says: "God bless Canada!"… "God bless America!" It should be clear to everyone that those who do not love their close ones, their neighbors, their people, their nation and their Church do not like other nations. These "progressive" are easily fooled, or they want to lie to us when they say "there are no nations…" only a world. They say there is Orthodoxy but having a national, The Macedonian, Church is ethnophyletism. But there is "globalism" and, according to them, we must enter this scheme at the expense of our religious and national feeling. We must remember that we are Macedonians today because our ancestors were true believers.

We, the older people, remember communism as a movement or an ideology, which never succeeded in becoming a social norm. The communist slogan was: "Proletariat from all countries unite!" Hegel taught that "there was no God, and that God was dead." (Hegel died but God still lives on.) Of course there were also other slogans in use in that spirit but the main message was that there was no faith and no nation… and that we all should unite together. This utopia offered to us, unfortunately, was a great lie and at the same time a deadly trap, which failed. One might say that communism gave us (Macedonians) our state! Yes, but it was done at a spiritual level and it did us a great deal of damage, the consequence of which we are feeling to this day. Just to be clear, the Christian religion is not against the unification of mankind. (The word religion comes from the Latin word "religare" which means re-bonding or union with God.) Nowhere did Christ say that people and nations should be divided! On the contrary, he preached that people should get closer to one another. The Church preaches rapprochement and love for God and for our fellow man (the two greatest commandments) and the union with God through the Holy Communion. We can attain this most perfectly in the Holy Liturgy when we, through the common communion, unite with God and, among us, become brothers in Christ.

Every nation and every people, from the smallest to the greatest, are God's gift. (See Genesis chapter 11 The Lord created the nations through the mixing of languages). Each nation has its own internal characteristics and specifics as well as its special external manifestations. That is why the destruction of a people or a nation is a terrible crime. Imagine if all the birds in the world were the same; all the fish in the sea were the same; all the animals on the earth were the same; all the plants were the same; all the flowers were the same; or all the people on the earth were the same!? It would either be a big joke or hell because we would not be able to show uniqueness or distinguish one from another. The diversity in God's creatures is the beauty of the world. "Your Works are many, O LORD, you have done wisely. The earth is full of your creatures." (Psalm 103: 24.) God has gifted us with this diversity for our discernment and we need to preserve it. Therefore I say that any person who loves his own people also loves other nations. It is God's command to love your neighbor as you do yourself (God's second great commandment).

How nice would it be if everyone perfectly loved their own people!? But, unfortunately, there are many examples where people do not love one another not even the people in their own home or family. There are spouses who have quarrel and split up. There are brothers who, for years, have not spoken to one another… and other weaknesses that occur between people. All this is the fruit of absence of faith in God. If we have faith in God our love will be strong and forgiveness will be our daily practice. Only faith in God can bring people closer together.

On top of that there is abuse in the Orthodox national churches. The stronger ones abuse the smaller and weaker ones. The best example of this is the non-recognition of our Macedonian Orthodox Church – the Ohrid Archbishopric (MOC-OA), by the other Orthodox national churches. They not only "refuse to recognize" us as MACEDONIANS but refuse to partake with us religiously. This is the fruit of their hegemony, their desire for political and spiritual influence against us as a people, and all for the purpose of obtaining our submission and, ultimately, our destruction. They know very well that with the destruction of the Macedonian Church there will be no Macedonian nation, there will be no Macedonian history, there will be no Macedonian culture, folklore and everything else that would carry a Macedonian landmark. This is abuse of their position in the Orthodox world, abuse of faith and religion, for political purposes. This is also the source of the problem with the name of our country, the Republic of Macedonia, which has being going on for almost three decades. "We, the Macedonians, never built a church or a monastery with someone else's stones…" said Boshko Smakoski. Unfortunately, our churches and monasteries are bothersome to them… Everything that is Macedonian irritates their eyes. This is not a question of any wrongdoing on the part of the MOC - OA, or with our Church deviating from the canons of the Church, this is all naked politics… Denying or depriving the national identity of a nation, however, does not correspond to God's arrangement…

Besides being the guardian of the faith in God among its people, the national Church is also the guardian of the people's identity, culture, national symbols and is a separate cell of the entire Orthodox Church from the entire Holy Ecumenical Apostolic Christian Church. Destroying a national Church is a disorder or violation of God's teaching and is a great sin. For example, if a cell strikes or interferes with other substances in an organism, it leads to disorder of the organism, and possibly death. So, a healthy nation, surrounded by other healthy nations, is a condition of well-being in all of mankind.

## Church and globalism

Today's so-called "globalism", which appears in the form of neo-communism, is a deadly threat to mankind. Why? Because each "global" state is potentially an ANTI-CHURCH state! I wonder what good can we, as a people, as a nation, and as a Church, expect from this new movement, about which many in Macedonia are boasting. Will we lose a lot in the spiritual plan? Yes! First of all, we will lose all the spiritual benefits that we have guarded and nurtured through the ages as God's faithful people and as a people of our ancient Church - the Ohrid Archbishopric. With the loss of our faith we will also lose our identity. I am afraid that in this geopolitical twist we will lose ourselves forever…

Take a good look at what is offered in almost all of Europe and, of course, here in Canada, to today's people, to today's generations and to the generations to come. Globalism wrapped in neo-communism! The sad part about this is that many people cannot see it for what it truly is: a movement that wants to destroy us. So, what kind of movement or new civilization is this that wants to literally destroy us and erase us like we never existed? We survived many centuries exclusively through the values of our Christian faith. Ever since the apostolic age, that CODE for God's people, and the GENE of the Bible people, exists in us and our faith in God has taught us to love ourselves, but also to love our fellow man and our Fatherland. It is said: "Man does not live by bread alone, but by the Word of God, which is Love of God and love of our closest." And today MOC - OA, as it used to be, should stand on the rampart in defense of our faith, but also in defense of our Macedonian nation and everything that is Macedonian. Unfortunately, every time it is put it in the services of daily political interests it brings disaster. The MOC – OA's identity and national character should never be touched. This was also emphasized at the big protest rally in Skopje on April 26, 2018 with a clear message: "Twinning with the Bulgarian Church is unnatural!" Meaning it is unacceptable to the people. Historically, our Church (MOC - OA) is the mother of all nearby Orthodox churches, starting with Justiniana Prima and over to the Ohrid Archbishopric. The Ohrid Archbishopric gave birth to the Pech and Trnovo Patriarchates. Our roots extend back to pre-apostolic times and every time the Archbishopric is attacked our historical roots are cut. It is unforgivable for us today to be asking which Church will be our "mother" Church when we very well know, or should know, that the MOC – OA is the mother of all Orthodox Churches in the Balkans. This should not be demanded from the Bulgarian Patriarchate, "which has never given up its centuries-old history and canonical dignity as the true heir to the Bulgarian Ohrid Archbishopric", says the Bulgarian Metropolitan Nahum ( See "Republika", May 20, 2018). Don't let the fact that the Republic of Macedonia is pressed both politically and spiritually be our weakness and our insecurity.

The MOC – OA still has all the required conditions to function as an independent and separate Church. The work or the activities of the ancient Ohrid Archbishopric were not stopped because the Archbishopric was preaching heresy or making some kind of canonical concessions. No, the ancient Ohrid Archbishopric was abolished by a non-Christian authority (the High Port) because it was maliciously slandered by the Greeks and the Bulgarians. No one, outside of the Macedonian people, regretted the Ohrid Archbishopric's abolition but today we have people attempting to prove that the Ohrid Archbishopric was Bulgarian, Serbian and who knows who else's. In addition to that, none of them made any effort to renew it except for the Macedonian people, for the simple reason that they were aware that the Archbishopric was a Macedonian Church. When we finally renewed the MOC – OA in 1967, everyone became involved to deny it and prevent it from being accepted into the Orthodox family, into the Orthodox organism mentioned earlier, because of its MACEDONIAN national character. How hypocritical is that? Especially when they based their own Churches on their national predecessors… If the MOC – OA is unacceptable because of its "national character" then their national churches should also be unacceptable. We have built Macedonian Orthodox Churches here in the Diaspora and the people come to them because they are Macedonian churches. If we did not have the adjective "Macedonian" our people would not go to any other church. If St. Clement and St. Naum were not guided by that national cause, they would not have come to Macedonia, they would not have developed the schools, and they would not have reorganized and strengthened the existing Church which for centuries was the pillar of the Macedonian national identity. It is strange how people today want all these cultural and historical monuments to be set aside as unimportant.

At the time when we did not have our own state, the Ohrid Archbishopric assumed the role of the Macedonian state and did its best to preserve the Macedonian national identity and uninterruptedly protect and preserve St. Clement's continuity. Because the Macedonian Church is more than a mere Church, all our efforts made to resolve this inter-church dispute did not bear fruit. That is why I say that if the dispute was only about the church we would have found a solution through God's grace, but since our problem is political (diabolical) it is difficult to come to an agreement. Because the church autocephaly maintains the national consciousness of the Macedonian people, whose pivot is St. Clement, problems cannot be easily resolved. There is also the matter that our Macedonian worship to St. Clement is very different from that of the Bulgarian people or some other people, who want to declare themselves as his heirs.

The most recent past has shown that any negotiations with the neighbouring Churches can be fatal to the MOC - OA, and to us Macedonians as a nation and as a people. Just because you think someone is showing you respect it does not mean they don't want to take advantage of you. This is what is happening with the negotiations of the name of our state. From having differences over the name we came to negotiating the name and the identity of the Macedonian people. Because we already have an apostolic succession, we have a Holy Myrrh, we have a faithful people, who are much more devoted than others, we should not seek recognition and all negotiations should be interrupted. These are the basic postulates for the functioning of every Orthodox Church. We have them! The MOC - OA does not preach heresy and does not spread nationalism or hatred towards other nations. There is no "ethnophyletism", in the least, in our country, despite what others claim.

Talking about communism in Yugoslavia, Dr. Vladeta Jerotich, a famous neuro-psychiatrist and academician, in one of his lectures (which can be seen on youtube) said that during his visits to the religious services in Serbia and Macedonia in the 1970s, he noticed that the attendance at the religious services in Macedonia was much greater than that in Serbia. Churches in Macedonia were 70% filled and those in Serbia about 30%. This says that our Church was not based on Marshal Tito's policies but on the faith of our people. Also, to illustrate my point, there is no "swear-word" in our country that denigrates God, the sun, the Holy Mother of God, and bread, like it does among the Serbians and Greeks. It is a good indicator of how pure our faith is. We should be proud that after so much suffering that included enslavement, beatings, murders, rapes… and innumerable other temptations, we, the Macedonian people have kept our faith and have not fallen into despair… we did not abandon or blame God. These sufferings were not committed only by strangers but also by Christians (Greeks, Serbs, Bulgarians) who, as Prlichev said: "Looked like saints but had hearts of wolves…" We brought our faith here in this region so that we can protect it!

A few years ago a couple, whom I did not know, came to our MOC "St. Ilia" in Mississauga Carassauga festival of nations and, while looking at the exhibits, the man said "how nice it is when you know who you are!" Here we are recognized through our Macedonian Church. That is why it is our duty to protect and nurture it.

In the end, in congratulating the 1000th anniversary of the Ohrid Archbishopric, I would like to appeal to our people to: "Safeguard our MACEDONIAN identity, safeguard our Macedonian traditional culture, which is deeply Christian, safeguard our centuries-old name, and safeguard our ancient Macedonian Orthodox Church - the Ohrid Archbishopric". Amen!

***The famous Bozhko Smakoski will write:***

***For many years, the ancient people of MACEDONIA!***
***For many years, the disadvantaged people of MACEDONIA!***
***For many years, God's people of MACEDONIA!***
***For many years, the blessed people of MACEDONIA! and,***
***For many years, the immortal people of MACEDONIA!***




# Не отидов летово во Македонија за да си го зачувам идентитетот

Не отидов од страв бре пријатели. Страв и ништо друго. Јас сум човек не со малку достоинство. Ниту пак со многу. Се познавам себеси. Си имам достоинство и не сакам да го изгубам. И затоа и ова лето ќе си останам овде во Торонто. Овде нема да го изгубам моето достоинство. Ако и вие драги читатели останете овде летово, и вас ви е гарантирано достоинството. Никој нема ни Д од доистоинството да ви земе. Ниту И од идентитетот. А ако отидам летово во Македонија? Еее, тоа е друга прикаска, друга сторија. Денес си Македонец, а утре? Само Зоранчо знае, никој друг.

Откако почнаа преговорите со Грција за името, нашите таму на власт од Бранко и Никола до Зоранчо сега играат мајтап со народот наш македонски и нашиот ум и разум. Велат дека водат преговори за името. Голема лага.

Овие нашите од власта, големите де, ги турнале пантолоните длабоко под колковите и ги молат качаците да им го чуваат задникот, а тие со двете раце и другите екстремитети прифатиле. И зошто не би прифатиле? Тоа ти е давање газот под кирија. Елините тоа никогаш не би го направиле. Зли јазици велат дека во Атина имало јавна бања во која подот бил покриен со сапуни и никој не се осмелувал да се наведне да земе сапун. И така завршиле работа. Му дале на Елините и тоа што барале и тоа што не барале, бакшиш, Е тоа ти се пазарџиите кои го дадоа газот под кирија. Го дадоа и името и презимето. Ниту дух, ниту совест. И сега ајде де најди им крај.

Вчера утрото се разбудив со насмевка на лицето. Инаку, секогаш после будење мизеренс сум бескрајно. Овој пат, така опуштен, разлабавен, со чисти мисли, со ум и разум, се прашувам себеси, зошто досега не ми текна за оваа најбрилијантна идеа. Се прашувам зошто пак не им текна ниту на оние кои земаат плата од народот - политичарите. Овие последните пак што сега се владетели, ја утнаа до крај. Од тие поранешните Грчиштата бараа да го смениме само името. Сега пак, со Зоранчо, покрај името ни го бараат и јазикот, и уставот, и песните, и ората, и учебниците, и географските карти...и да ми простите и газот. За газот не се грижете многу, тој веќе еднаш е даден (на качаците). Не ќе направи голема разлика ако се даде и двапати и трипати и на било кој друг.

Драги читатели, стрпетете се ве молам. Големата идеја ве чека. Само претходно сакам да спомнам, пошто никој друг сега тоа не го спомнува, а бре договорот за добрососедство со Татарите, се извинувам, мислев на Бугарите. Тој веќе почна да се остварува. Нашите недоучени историчари веќе се на часови во Софија. Ја усовршуваат историјата, прават корекции со домаќините. Велат дека немало некои поголеми проблеми што не можело да се решат. Северна и Јужна Кореја се на прагот да склучат мир после седумдесет години инат. Проблеми меѓу Македонија и Бугарија нема! Еден народ во две држави. Ете ти ја мојата грандиозна идеја! Тргнете ја границата бре идиоти и Македонија е во НАТО, уште подобро и во Европската унија веднаш, денес. Без преговори, без поглавја за усогласување со европските, експресно мои пријатели, експресно. Ете Зоранчо со генгата околу него како ќе го донесе животот во Западна Бугарија, а ќе донесе и слобода, демократија, транспарентност инстантно. Од Зоранчо и Никола (Димитров) и нивната креативност уштите не заболеа, тапанчињата ни испопукаа! А решение не најдоа. Ниту ќе најдат зашто креативност помешана со многу други додатоци во неа како на пример корупција, тешко дека на пазар ќе помине. Креативност без трошка совест и национална свест не бидува. А треба и талент кои им недостасува.

Се извинувам драги читатели, се оддалечив од темата. Ќе мора да ми признаете за мојата креативност. Јас сам, без ниту еден, и со броеви, ниту 1 советник (Зоранчо имал 53 советници) дојдов до решение за сите проблеми што ги имаат Грците и Бугарите со овој национално неосвестен (македонски) народ. Очекувам плакета - признание за мојот голем изум, но и материјална односно финансиска награда. Ако честоспоменуваниот Зоранчо зема плата без никакви резултати, зошто јас да не бидам награден? Зборувам за милиони долари, денари, евра...

П.С. Премиерот Зоранчо Заев во последно време многу често го употребува зборот инклузивност, а јас се сомневам дека тој ниту го знае значењето на тој збор и покрај цела чета советници, помошници... покрај него. За да се гради општесто еднакво за сите, тоа значи сите треба да се вклучени во градењето, треба од сите страни да има желба за такво општество што во случајот не е така. Кога некои спроведуваат директиви од Тирана, кога официјалното знаме на државата сеуште именувана Македонија не може да се вее во голем дел од територијата на Западна Македонија, кога на териториите во Македонија сеуште не им е овозможен пристап на полициските органи, побргу ќе се растури, ќе ја снема државата пред да се изгради едно општество за сите. Само што го завршив текстот кој почнав да го пишувам денес во 10 часот утринава (19 мај), го гледам Зоранчо Заев на прес-конференција веќе го решил името – не проблемот. Името ќе биде (не моето) Република Илинденска Македонија. Абре овој човек сосем забегал! Цела година му кажува на народот дека на Македонија ќе и' накалеми име со географска одредница, а сега тој им понудил на Грците историска одредница – илинденска. Не му се лутете на човекот, ги помешал поимовите. Барем да му текнеше да понуди нешто поатрактивно како на пример Република Самуилова Македонија. И така и така, ќе се налутат Бугарите. Им ја крадеме бугарската историја. Ви посакувам убав помин за празникот на сесловенските просветители светите Кирил и Методиј.

*Танас Јовановски*




ROYAL LEPAGE
Meadowtowne Realty, Brokerage
Independently Owned and Operated

**Vasko Nedanovski**
Sales Representative
Royal LePage Meadowtowne
Realty Brokerage Inc.
Direct 647.333.9628
vasko@royallepage.ca

**Планирате да купите или инвестирате во недижен имот? Јавете се кај Васко Недановски**

# СТИВ ПЉАКАС – БРАНИТЕЛОТ НА АНТИЧКА МАКЕДОНИЈА

**Стив Пљакас е човекот на кого Македонија му е големата љубов. Тој постојано го брани сѐ она што е поврзано со Античка Македонија. Затоа и монографвското дело, кое е издание на Книгоиздателството „Македонска искра“ од Скопје, чиј автор е публицистот Славе Катин е посветено на името и делото на еден од големите бизнисмени и истакнати општественици од македонско потекло во Канада, Стив Пљакас**



Стив Пљакас, или Стево Плаков, како што тој милува да се претстави е канадски Македонец, или македонски Канаѓанец по потекло од убавото македонско село Зелениче, Леринско, од егејскиот дел на Македонија. Тој е исклучително позната, призната и неодминлива личност меѓу Македонците во Канада и САД.

Бизнисменот Стив Пљакас е еден од најистакнатите Македонци кои се иницијатори, организатори и силни борци за афирмација и за одбраната на македонското име, на Македонците ширум светот, Македонската православна црква и на духовниот живот чии корени се уште од мисијата на апостол Павле во македонската земја, пред две илјади години.

Стив Пљакас е особено активен во промовирањето на демократијата во Македонија за заштита на македонското име, знаме, Устав и промотор за признавање на Македонија како суверена, независна и самостојна држава на Балканот и на македонската вистина во светот. Се гордее дека е Македонец. Исто така, бизнисменот Стив Пљакас остварува блиски контакти со повеќе познати личности, дипломати и организации во светот во врска со моменталните настани и состојби и се бори за иднината на Македонија.

Горенаведените констатации се дел од монографијата „Стив Пљакас“ делото за кое се рецензенти: Академик Антоније Шкокљев-Дончо и Проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ, а кое е издание на Книгоиздателството „Македонска искра“ од Скопје, чиј автор е публицистот Славе Катин. Ова интересно и по многу нешта уникатна публикација е на англиски и македонски јазик, на 340 страници и е посветена на името и делото на еден од големите бизнисмени и истакнати општественици од македонско потекло во Канада, Стив Пљакас

Инаку, Стив Пљакас е роден на 2 јуни 1940 година во убавото село Зелениче, Леринско, во беломорскиот дел на Македонија, од татко Ламбро и мајка Гена. Тој оваа година го слави своето седумдесет и осмо лето Господово на неговиот доста интересен и бурен живот и успешна кариера во бизнисот.

Селото Зелениче е лоцирано на педесетина километри јужно од градот Лерин, на 5 километри југозападно од Ајтос (каде и припаѓа) и на три километри западно од езерото Зазерци во котлина во подножјето на Керечката Планина, дел од планината Вич, на главниот пат од Сорович (Аминдео) за Костур. Селото лежи во една котлина обиколена од сите страни со високи сртови. Се смета дека селото Зелениче го добило името поради изобилството на зеленило во околината. Денес името на Зелениче е променето во Склитрон, а во него живеат Македонци и православни Турци (Просвиги).

Стив Пљакас беше сведок на македонското партизанско движење за слобода. Но, во исто време беше и сведок кога грчкиот фашистички режим го направи црното сценарио за да прогони, да ги исели, а со тоа да ги избрише Македонците од својата земја, од своите вековни дедовски корени, а на нивно место да досели православни Турци.

Стив Пљакас е човекот на кого Македонија му е големата љубов. Тој постојано го брани сѐ она што е поврзано со Античка Македонија. Со неговата посветеност за зачувување на древните македонски корени, ја раширил вистината за Античка Македонија насекаде во светот. Меѓу другото, заедно со професорот Мајкл Димитри од САД, се првите ентузијасти кои во 1995 година ги посетија и ги открија Калешите (Хунзите), народ кој се смета за потомци на Александар Трети Македонски (Велики) во Пакистан.

Работата и многугодишниот најразновиден ангажман со силен порив и признателност во македонска заедница во Канада, а и на Флорида, е поттик и пример како се афирмираат националните достоинства на северноамериканските простори. Во импресивниот биланс, меѓу другото, се сместуваат организирањето на хуманитарни активности за спонзорирање на истражувачки работи од областа на историјата, културата, духовното живеење, спортот, собири, пикници и други активности за промоција и за презентација на Македонците во дијаспората.

Стив Пљакас многу одамна стана член, а подоцна и претседател на Организацијата „Обединети Македонци“ во Торонто, една од најстарите македонски организации во Северна Америка. Во негово време како претседател се одржаа Средбите на протераните Македонци од егејскиот дел на Македонија. Потоа беше претседател на Македонската православна црква „Свети Климент Охридски“ во Торонто. Исто така, беше претседател и најголем спонзор на Комитетот за олимписките игри од Канада, кој даде значајна финансиска помош за Македонците - олимпијци на Олимпијадите во 2004 година во Атина и во 2008 година во Пекинг. Тој е човекот кој го носеше македонското знаме пред македонските спортисти на двете олимпијади и во тие моменти тој беше најсреќниот Македонец во светот.

Познатиот македонски бизнисмен Стив Пљакас заедно со својата сопруга Лили ја најдоа и ја почувствуваа слободата, демократијата и вистинскиот слободен живот во Канада. Затоа, тие се посветени канадски жители, почитувани, познати и признати граѓани на демократското мултикултурно канадско општество. Тоа им даде крилја тие да бидат големи хуманисти, донатори на многу важни национални и културни манифестации во Канада и САД каде отвориле свои нови домови каде живеат, а и работат многубројни Македонци од сите делови на Македонија.

Во монографијата за Стив Пљакас се вели дека тој е еден од малкутемината од Македонците на северноамериканскиот континент кој е масон, или слободен ѕидар. Инаку масонството е братска организација која се појавила кон крајот на XVI и почетокот на XVII век. Масоните денес постојат во различни форми низ целиот свет, со членство од околу пет милиони луѓе, вклучувајќи околу половина милион во Англија, Шкотска и Ирска, како и околу два милиона во Северна Америка, каде е најбројно.

Во подолгиот разговор со Стив во врска со масонството, тој рече дека масоните често се нарекуваат „тајни здруженија“, велејќи дека тој термин повеќе одговара од терминот „езотеричко здружение“, бидејќи поголемиот дел од нивните активности се тајни. Тајните активности во модерните масонски ложи се начините за препознавање меѓу членовите, како и одредени делови од ритуалите. За тоа се уверивме во Измир, во Турција, кога Стив не се чувствуваше најдобро и, преку прстените се препознаа со еден масон, кој вети дека тамошната масонска ложа ќе направи сѐ за Стив како масон.

Сите овие податоци се дел од монографијата „Стив Пљакас“ која е составена од седум делови. Покрај Воведот кој е посветене на неговиот 75-годишен бурен живот, во првиот дел под наслов „Животната приказна за Стив и Лили Пљакас“, се дадени опширни податоци за нивните животни приказни, Особена нагласка има нивниот 50-годишен брачен живот во кои тие постигнаа брачни и бизнис резултати. Семејните стебла на Стив и на Лили во книгата се од посебно значење за нивното минато, сегашност и иднина.

Вториот дел на монографијата е насловен „Егејска Македонија-родната земја на Стив и Лили“, во кој се дадени податоци за минатото и сегашноста за поделена Македонија. Често се вели дека Македонија е најубавата земја на Балканот, а егејскиот дел на Македонија е срцевината на таа македонска убавина. И не случајно, зашто на тие простори некогаш било седиштето на македонската држава на Филип и Александар Македонски и на бројни знајни и незнајни јунаци. Ете зошто нивните потомци блеснуваат на хоризонтите на македонската иселеничка галаксија, со харизма каква што можат да имаат само ѕвездите на македонското небо.

Според зборовите на Стив Пљакас, Мајката природа на Егејска Македонија – подарила богатство од убавини и атрактивности. Во исто време, историјата – оставила непроценливи траги од значајни настани. Затоа, Македонците од Егејска Македонија каде и да се во родниот крај или надвор од него, се радуваат со сето тоа што го има во сите делови на поделена Македонија, се гордеат и го чуваат таквото богатство за идните генерации.

Исто така, во ова поглавје е даден материјал за Средбата на децата бегалци (прогонети) од Егејска Македонија која се одржа во 1988 година во Скопје, Република Македонија. Потоа, се поместени патеписни текстови за родното село на Стив-Зелениче и родното село на Лили – Желево. Во овие репортерски белешки од посетите на авторот Славе Катин се дадени голем број релевантни податоци за двете села, како и за Егејска Македонија. Сите тие текстови се илустрирани со голем број фотографии за вистината на некогаш населените места во Егејска Македонија, кои за жал денес се опустошени или населени со православни Турци (Просвиги).

Третиот дел на монографијата е посветен на демократска Канада, земјата која се смета за светски пример на мултикултурно општество. Таа е прва земја во светот која официјално го призна мултикултурното шаренило и ја продолжува континуираната, значајна и доследна недискриминациска политика. Со тоа, мултикултурата на заедништво, почит и љубов кон Канада се прогласи за политика на власта на Канада, каде што секој староседелец или новодојденец како Канаѓанин има право на слобода на свеста, верата, мислата, изразувањето, мирното собирање и развој во сопствената култура, пропагирање и применување на сопствената религија и употребата на мајчиниот јазик пренесуван преку безброј генерации.

Често се вели дека Канада е „ветената земја“ за Македонците, особено од егејскиот дел на Македонија, кои во Канада ги уживаат сите човекови права. Додека во својата родена земја, Грција (Елада) се еден вид туѓинци на дедовските корени; немаат свои училишта, ни цркви; им се оспорува на¬цио¬нал-ниот идентитет; врз нив се врши аси¬ми¬ла¬ција, денационализација и систематско ис¬тре¬бу¬ва¬ње. Затоа, со право и со гордост Ма¬ке¬-дон¬ците во Канада ја пеат химната „О, Ка¬нада…“

Исто така, во овој и во четвртиот дел се дадени текстови за Македонците во Торонто и за македонските организации. Посебен акцент е ставен на местото на живеење и на бизнисот на семејството Пљакас -Њумаркет, за организацијата „Обединети Македонци“, за МПЦ „Свети Климент Охридски“, како и за донаторството за македонските олимпијци на Стив и Лили Пљакас на олимпијадите во Атина во 2004 година и во Пекинг 2008 година..

Петтиот дел е под надлов „По трагите на Александар Македонски“. Во него се дадени податоци за Македонија - родната земја на Стив Пљакас, за посебните карактеристики на Македонија и за античките македонски корени. Посебен простор е посветен на патувањето на Стив и проф. Михаил Димитри по трагите на Александар до Хималаите, каде за прв пат беше откриено племето Хунза (Калешите), народ кој се претставува како потомци на војската на Александар Македонски.

Во шестиот дел се поместени текстови за патувањата на Стив Пљакас со авторот на овие редови Славе Катин по голем број значајни антички локалитети во Македонија, посета на гробот на Јане Сандански во Пирин, посета на салкофагот на Александар Македонски во Истанбул и други археолошки локалитети, како и посета на куќата на Мајка Богородица во Ефес. Исто така, во овој дел се помести и заедничките патувaња на Стив и Лили со Катин и Нада во Република Македонија, Мала Преспа и Флорида. Во седмиот дел, пак, се поместени наградите од голем број институции и асоцијации кои Стив Пљакас ги добил во текот на неговиот живот и работа.

Стив Пљакас долги години работи за Македонија, за Македонците и македонското прашање, обединувајќи ги македонските иселеници и Македонците во соседните земји со спонзорирање на социокултуролошки настани и проекти. Тој особено се грижи за своите сонародници во егејскиот и пиринскиот дел на Македонија, Македонците од Мала Преспа и на други места ширум светот. Притоа, донирал средства за голем број македонски православни цркви, поединци, како и на хуманитарни и други организации во Република Македонија и во другите делови на разделена Македонија, меѓу кои и апарат за дијализа. Спонзорирал информативни гласила, портали, организации, цркви и друг вид асоцијации во неговата родна земја и насекаде во светот каде живеат Македонци.

Стив е човекот кој е сопственик на големиот и единствен трговски центар „Македонија“ во Њумаркет. Впечатливо дизајнираните рекламни табли на центарот „Македонија“ на некои им пркосат, а за мнозина е место за препознавање и запознавање со Македонија како единствен од таков вид во македонската дијаспора.

Затоа со право се вели дека Стив Пљакас навистина е Македонец кој се посветил на националното прашање. Тој, со своето знаење, Господова надареност, интелигенцијата, итрината и приспособливоста во новите демократски услови, успешно се снашол во Канада. Воден од љубовта кон Македонија и од нејзиното Сонце, како Големиот Александар, активен е и во Македонија. Цели дваесет години од осамостојувањето на Република Македонија, тој со срце, душа и голема љубов и посветеност, учествува во политиката, културата, медиумите и воопшто во социјално-општественото живеење и опстојување на својот народ и Македонија.

Пишува: СЛАВЕ КАТИН




# MYNET at the Macedonian pavilion hosted by St. Ilija Macedonian Orthodox Church!

"We had a blast participating in this year's Carassauga multicultural festival at the Macedonian pavilion hosted by St. Ilija Macedonian Orthodox Church!

Thank you to the organizers for their incredible job and to the Macedonian Youth Network groups at St. Ilija, Mississauga, and St. Clement of Ohrid, Toronto, for giving their time to make this year's event successful and fun! MYNET hosted a Macedonia trivia game Sunday afternoon of the festival and quizzed participants on everything from history to food. The winning team was given a prize consisting of various Macedonian treats like ajvar. This was MYNET's first time participating at Carassauga as part of the Macedonian pavilion and we hope to be there again next year."

***Thank you,***
***Christian Rostankovski***















## *** WE'RE BACK WITH A NEW EVENT ***

Sad you missed out on our Valentine's dance? The MYNET - Macedonian Youth Network is back and we're ringing in Summer '18 with a Hawaiian night! Join us and Orkestar Biser once again on Saturday, June 30th at St. Ilija Macedonian Orthodox Church, Mississauga for the biggest Macedonian youth dance of the summer. Enjoy food, tropical drinks, music, games, prizes, sweets, a photo booth and much more! Doors open at 8 PM, entrance is $10. More details to follow so like our page and join our Facebook group MYNET - Mississauga for more info. You will not want to miss this!

**Congratulations to the newly formed MYNET @ St. Ilija MOC in Mississauga, Canada for hosting a successful first meeting. We hope to see you become the leaders our Macedonian youth in Mississauga need**



Поради последните успеси на црковната младинска организација "македонската младинска мрежа" (MYNET) при Свети Климент Охридски, Торонто, станал голем интерес мегу младите во Мисисага да формираат црковна младинска група и во Свети Илија за да можат младите и во таа црковна општина да се приклучат во активностите на црквата и да ги враќат младите назад во црковните простори. Со помош од децата на MYNET во Свети Климент, во Мај месец се формира MYNET група во Свети Илија, Мисисага со тринаесет членови. Желбата на овие млади е да работат како младинска секција на црквата, да помаѓаат со активностите на црквата и на другите црковни секции, и да си одржат настани за да ги соберат младите во црквата.

Македонската младинска мрежа работи како мрежа која се состои од и поврзува поединечни гранки кои се одговорни за изборот на своето лидерство и не постои единствен сеопфатен лидер на целата мрежа. Целта на Македонската младинска мрежа е да го промовира младинското инволвирање во македонската заедница преку црквите на Американско – Канадската епархија на Македонската Православна Црква.

Гранките на Македонската младинска мрежа мора да работат само преку црквите како младински помошни единици на нивните соодветни цркви и мора да одржуваат отворена комуникација со администрацијата на нивната црква. Гранките ќе комуницираат меѓу себе за да ги постигнат целите на организацијата и да осигураат соработка меѓу сите членови. Ќе работат заедницки со почит и со љубов кон црквата, кон верата и кон Бога за да можат да градат силна иднина на нашите цркви и заедници. Визијата на Македонската младинска мрежа е да се прошити MYNET во секоја Македонска Православна Црква во Северна Америка за да го зајакне македонскиот идентитет меѓу македонската младина и да ги одржува заедниците јаки и во живот за идните генерации.







## TROPHY WINNERS

**LEAGUE CHAMPS**
TEAM STEFANOVSKI
JULIE STEFANOVSKI
STEVE KONDOVSKI
MARINA ATANASOVSKI
LENNA KOZOVSKI
LENA MANGOV
PAUL CABERO

**SEASON BEST TEAM PERFORMANCE**
**TEAM TERZIS**
NIKI TERZIS
CAROL G. KRUPL
JIM BILKAS
TERESA MANGOV
TED MOSKOU
LAMBE VELAKIS

**HIGH AVERAGE**
LADIES JULIE STEFANOVSKI
MEN RANDY MOYSOSKI

**HIGH SINGLE FLAT**
LADIES NIKI TERZIS
MEN STEVE KONDOVSKI

**HIGH TRIPLE FLAT**
LADIES DRAGE JANEVSKI
MEN STEVE MLADENOVSKI

**MOST IMPROVED**
LADIES CAROL G. KRUPL
MEN ZIVKO ACESKI

**HIGH SINGLE with HCP**
LADIES LENNA KOZOVSKI
MEN JIM BILKAS

**HIGH TRIPLE with HCP**
LADIES CATHY GERMAN
MEN ZORAN KARAPANCHEV









## The Ladies Auxiliary of 2018 St. Clement of Ohrid Church







# ПО ПОВОД 75 ГОДИШНИОТ ЈУБИЛЕЈ О Д СМРТТА НА НА КОЧО РАЦИН - ПОЕТ И БОРЕЦ ЗА НАЦИОНАЛНИ ПРАВА И СЛОБОДА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

**ПОЕЗИЈА СО ПОВОД**
**Пишува и уредува**
**БЛАГИЦА ДАФОВСКА**

**СО СТИХОЗБИРКАТА „ БЕЛИ МУГРИ “ СЕ ПОЛОЖИЈА ТЕМЕЛИТЕ НА СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**

***„ Се к, ти ноќта црна !***
***Се рути карпа - мрак !***
***И петли в село пејат***
***И зората се зори***
***Над карпа в крв се мие***
***И темнината пие***
***СИЛНО СВЕТНАЛ ДЕН ! “***
(Копачите) Од збирката „Бели мугри“

***„Бели мугри“***

Кога станува збор за еден голем македонски поет,како што е Кочо Рацин - борбен син и револуционер, кој влезе во книжевната историја на македонскиот народ, и со неговата поетска дарба, остави песни како еден ретко надарен поет,навистина не знаеме од каде да започнеме, бидејќи од секоја песна зрачи убавина и ја чувствуваш и мелодичноста на секој стих, затоа на самиот почеток тешко беше при изборот на песна, со која смело би навлегла во воведот на овој контекст посветен на 75 годишниот јубилеј од неговата смтр. Почетокот симболично го означи гореневедениот цитат; како племенита и надежна порака и сеопфатна мисла на поетот од неговото времето во кое сме живееле и ја согледал вистината кон појава на нов и светол ден; - и еве се протега до времето во кое живееме овде и во Македонија. Неговата поетската порака станува јасна и сега за нашите збиднувања и ситуација. Се надеваме заматените и засенетите денови да ни ги осветли нов „ силно светнат ден “. Со цел да се приклучиме кон тој светнат ден при годинашнава јубилејна прославите на Рацин кој и припаѓа на генерацијата поети меѓу двете светски војни, ќе дадеме краток осврт за неговиот животот и дело; проследен со негови стихови, како и посветени песни од нашите современи поети. Ќе се потсетиме на најубавите песни од нашето време кога како ученици сме ги учеле напамет и сме ги рецитирале на школските приредби: Денови, Ленка Тутуноберачите и др. кои ќе бидат застапени во литературниот прилог .

На 13 јуни, годинава, се навршуваат 75 години од трагичната смрт на авторот на стихозбирката „Бели мугри“ - поетот, Кочо Рацин. Тој се родил во една напатена земја, со непризнаван и освојуван народ од нашите непријатели и експлоататори. и беше жив сведок на тоа време, а како вечни и неизбришливи сведоци ќе останат неговите песни со кои ги запишал новите страници во современата македонска поезија каде е опеан „скотскиот живот аргатски“ и најсилно е искажан протестот против социјалната неправда над работниците:

***„И КОЈ РАЗДВОИ, И КОЈ РАЗДВОИ ЧОВЕК ОД ЧОВЕК СО ЅИД ?***
***И КОЈ НАПРАВИ, И КОЈ НАПРАВИ ЧОВЕК НА ЧОВЕКА РОБ ! “***

**„ Елегии за тебе “**

„Силно светна денот“ со неговата рожба на 22 декември, 1908 кога во сиромашното грнчарското семејство Солеви ќе се роди Коста Апостолов Солев – Рацин, а никој тогаш не помислувал дека се роди најистакнатиот македонски поет.Идниот поет уште од мал го привлекувала книгата и сакал да чита.Но, го прекинал гимназиското образование, поради немање финансиска можност за понатамошно школ ување; школската клупа ја заменил со грнчарското столче и му се придружил на таткому во занаетот.Настапуваа тешки години во животот на поетот. Сиромаштијата на неговата фамилија, макотрпниот живот на народот создаваа револт кај него и го наведува да тргне по борбениот пат на македонскиот народ, со мисла кон идниот слободен ден. Заробен сред грнчарската работилницата не можел да се помири со судбината на народот и со сета своја лутина удира со перото на тогашното општество.Токму покрај грнчарското колце ќе се родат првите литературни творби на Рацин.А кога „ колцето мируваше“, неговиот прозорец беше осветлен до доцна во ноќта, ги зачудуваше велешаните – а Кочо читаше, твореше и така навлегуваше во литературата, при што се јавуваат неговите први творби кои во тогашните услови биле напишани на српски јазик, со главна тема: проблемите на обеспravениот народ кој е искористена работна сила и на полињата и фабриките. Оддаден кон пишувањето, почнува да го запоставува грнчарството. Но, ако не цитираме стихови од Рациновите песни кои го опишуваат времето во кое живееже тој; тогаш и доволно како да не сме рекле за поетот, зашто тој со песните ни се доближува, ни зборува и ни раскажува за тешкиот тутуноберачки живот, со кое следува едно сеќавање од нашето време во Македонија за песната на Рацин „ТУТУНОБЕРАЧИТЕ “ која многу убаво се рецитираше:

**НА КАНТАР СТУДЕН СО ТУЧ ГО МЕРАТ**
**А МОЖАТ ЛИ ДА ГО ИЗМЕРАТ**
**НАШИОТ ТУТУН – НАШАТА МАКА**
**НАШАТА СОЛЕНА ПОТ**

Во 1930 г. во сараевскиот списание „Снага “ Рацин ќе се појави со неконо лку песни во кои се забележува неговиот поусовршен уметнички израз и стил. Но, при објавувањето го мачи мислата, - Кога ќе му се стави крај на неговите песни пишувани на српски јазик ...? ! Тој ја носеше идеата за поттикнување напредно списание на македонски јазик. Во тогашните услови ова било тешко остварливо и продолжува да објавува во загребското списание „ Литература “ и во 1932 г. за неговата новела „ Во каменеломот “ , Рацин добива награда.

Од 1928, до 1932 г. Рациновата книжевна дејност се одвива во Велес и овој период е еден од најплодните во неговата работа; при што е понесен од големите писатели, водачи и творци на човештвото, со желба да го избави народот од мрачните денови. Наспроти сето тоа, низ неговиот живот ќе го пратат гонења, маки и затворања. Кога во 1931г., сакал да замине илегално за Русија, затворен е во Марибор а потоа интерниран во Велес. Во 1932 г. Рацин оди во Скопје каде работи во редакцијата на весникот „ Вардар “ и ја истакнува напредната литература, пошироко пред народот. Во 1908 г. се открива настанатата „провала“ и „конспирација“, кога неговата општествена и книжевна работа се прекинува. Осуден е на четири години робија во Сремска Митровица и по силата на амнестијата е ослободен.Во овие тешки години Рацин израсна во вистински борец и поет. Изнесувајќи ја реално ситуацијата ги согледуваме условите што влијаеле врз неговото книжевно дело и уметнички лик.

Годините од 1936 до 1941, го зацртуваат најзначајниот период од македонската културна историја кога се положуваат основите на современата македонска книжевност, и кога Рацин го дава најзначајниот прилог во нашата национална култура.Тоа време се совпаѓа со неговата преориентација во неговото творештво кон македонскиот јазик. Со песната „ До еден работник “ каде реално го слика обесправениот живот на работникот ќе направи успешни чекори .

Влијателно било пишувањето на Рацин на македонски јазик кон поетите - негови современици, кои го отфрлаат српскиот јазик, чувствувајќи ја убавината на песната искажана преку македонскиот збор. „ Мора да се пребродат тешките напори при изградувањето на нова книжевност пишувана на свој јазик...Делото што го започнаа Пејчинович, Миладиновци и Жинзифов, неостварено од историските времиња сега ќе си ги најде своите доследни следбеници “ – пижуваше Рацин, 1940 г. во една негова статија. Резултатот од сето тоа ќе се соедини во неговата прва



и единствена стихозбирка „ БЕЛИ МУГРИ “ отпечатена во 1939 г. во Самобор, крај Загреб. Убавината на песните, не ја прават само ритамот и римата; туку мотивот и влијанието кај поетот од македонското народно творештво и народните песни врз чија основа изгради ново и модерно поетско творештво Со песните на Рацин за прв пат во нашата поезија црнотрудовиот живот на народ от и борбата беа реално прикажани и проткаени во модерното градење на секој стих. Најпечатлива е за нас песната „ Денови “ која ни остана во сеќавања и овде во Канада:

**ДЕНОВИ**

Како на вратот гердани
ниски камења студени,
така на плешки денови
легнале та натежнале.

Денови ли се – денови
аргатски маки големи!

Стани си утре порано
Дојди си вечер подоцна,
наутро радост понеси
навечер тага донеси —

ај, пусти да е, пуст да би
останал живот кучешки!

Роди се човек — роб биди
роди се човек — скот умри,
скотски цел живот работи
за други, туѓи имоти.

За туѓи бели дворови
копај си црни гробови!

За себе само ргај си
за себе маки тргај си —
нижи си гердан денови
нижи си алки ковани,

нижи си синџир железен
околу вратот навезен!

И така, поетот погоден од тутуноберачката мака и аргатски тежок живот ќе постанат основен мотив во неговите лирични песни, кои најсилно се изразени во песните: „Ленка“ која ќе остане како најтажна елегија на тутуноберачките жртви, одземени во својата рана младост, „Проштавање“, „ Елегии “ „Татунчо“ и други песни од збирката„ Бели мугри “ кои веќе се спомнати ќе ги чуваме во нашит сеќавања. До досегашниве излагањ доаѓаме до заклучок дека „Бели мугри се симбол на пробудувањето на нашиот народ кој во борба за подобар живот созрева за создавање на нова национална култура. Оваа збирка од 12 песни, значи одговор на разните тврдења за оспорување на постоењето на македонскиот народ и јазик. Песните на Рацин претставуваат голема инспирација и поттик за пишување во творештвото на сите генерации на македонските поети. Во литературниот поетски прилог ја објавуваме песната „ Рацин “ од поетот ВОЛЧЕ НАУМЧЕСКИ ( 1916,Прилеп – 1980,Скопје ) во која со тажно чувство и патриотизам го опишал животот на поетот:

**РАЦИН**

Ни куќа купи, ни град те градел
Ни Раца мома ја внесе дома,
Небесни ѕвона стихови млади,
Го ковеше ликот со своите раце,
Од Вардарски зраци, Рацин.
Ленка со песни љубовни чека,
Го ковеше ликот со своите раце,
Од Вардарски зраци, Рацин.
Прстени, птици, небесни слави,
Месечко ноќе пред гроб се крсти
В ценети сали средби се прават,
Го ковеше ликот со своите раце,
Од Вардарски зраци, Рацин.
Цвеќиња деца со чисти мисли
Волче , единствен жив поет збори,
Кажи дали слободата боли.
Го ковеше ликот со своите раце ,
Од Вардарски зраци, Рацин.

Песни за К. Рацин застапени се во повеќе списанија и збирки.Во поновите збиднувања на издавачката дејност во Македонија, се појави нова збирка: „ ДВА БРЕГА И ДВЕ СТРМНИНИ “ (2015, Скопје) посветена на Рацин, во подготовка на писателот ВАСИЛ ТОЦИНОВСКИ, во која застапени се познати поети како од Македонија така и од други места. Не беа изоставени ни поетите од поновата генерација од дијаспората кои во земјите каде што живеат, творат и членуваат во литературните друштва,при што дојде до израз Литературното друштво „Браќа Миладинови“ од Торонто, чии членови и поети Неда Лозановска, Алексо Лозановски и Благица Дафовска беа застапени со нивни песни. Значајно местово Зборникот опфаќа и проф. м-р ЈОРДАН ПЛЕВНЕШ, роден 1953 г. во с. Слоештица, Демир – Хисар. Тој е плоден современ поет и драматург. Ќе дадеме цитат од неговата песна во која импресивно и сликовито ги опишува 35-те млади и тешки години од животот на Рацин со неговата„загонетна“ смрт:

**ПИСМО ДО КОЧО РАЦИН**
( 1908 - 1943 - 2008 )
......................................

Од памтивек се вели
Првите сто години се њтешки
А ти живееше во неа и само за неа
Триесет и пет години
А кога тие денес ќе се извадат од сто,
Резултат е 65:0 за неа
Зошто никогаш не се дозна кој, како и зошто
Освен тебе погубен беше ти
Официјалната верзија без истрага и без судење
Вели дека стрелаа во тебе од
Ти не застана, се брзаше
А брза и тие тогаш,
Ти брзаше тогаш неа да ја има
А тие брзаа тогаш,
А БРЗААТ И ДЕНЕС, НЕА ДА ЈА НЕМА
Париз-Велес, декември2008

„Здружението на просветни работници литературни творци“ од Скопје, Република Македонија во 2017 г. издаде - Зборник песни посветени на Конески и други македонски поети - Дбар дел од песните,посветени се на Кочо Рацин. Од професорката и поетеса Благојка Филипчева од Скопје и претседател на Здружението, - во поетски прилог за сеќавањата на Рацин ќе биде презентирана нејзината песна со романтичарски занос и оптимизам дека утре „Силно ќе светни денот“ :

**БЛАГОДАРАМ**

Ти велеше – по дождот доаѓа Сонце!
Го љубам сонцето од кое црпам сила!
Ти преку стиховите ме потсетуваше:
Темнината ќе и отстапи мсто на светлината!
Ја посакувам светлината!
Го сакам и дождот
Кога сум дома и се опивам од твоите стихови.
Ти тврдеше – по ноќта настапува денот!
Го љубам и светлиот ден
Зошто патот ми се осветлува
И дека сум жива ми потврдува!
Ти, голем поету, ме научи да ја сакам и ноќта,
Убава ѕвездена ноќж – со трепет на Северницата.
Зашто утре... утре е светол ден!
Од тебе научив во тоа светло утро
Да чекорам по нова делница.
Од тебе научив дека ме чека ново Сонце
Нов ден, нова радост,
ТИ БЛАГОДАРАМ, ГОЛЕМ ЧОВЕКУ ! !

И навистина, голема благодарност му должиме на Рацин, бидејќи покрај ликовите на вековните маченици во неговите песни ќе сретнеме ликови за пример на вистински јунаци кои го следеа патот на борбата и изгрејсонцето – тоа е поетовиот пат; кој како борец и творец треба да ги распламтува срцата на луѓето и нивните идеи кон подобар живот и така ќе ја достигне неговата душевна среќа и највисоката поетска кулминација. За да го почувствуваме сето ова со силата на македонскиот јазик во поезијата на К. Рацин, која беше одбрана во поетската плејада на УНЕСКО, ќе цитираме стихови од неговата песна „ Татунчо “ која од денешен аспект асоцира и се совпаѓа со глобализацијата на светот:

АКО КУЌА НЕ НАПРАВИВ
СО ВИСОКИ ШИМШИР ПОРТИ
КУЌА ЦЕЛ СВЕТ БРАТСКИ МИ Е
БРАТСКИ СРЦЕ ШТО ОТВОРА,
СРЦЕ – ПОРТА НАЈВИСОКСА
СРЦЕ – КУЌА НАЈШИРОКА.

Оваа чувствителност и лиричност на песната како да не пленува; не прави посилни и смели. Во неа се содржи оптимистичка вистина со порака упатена кон идните генерации и кон светот. Но, раната смрт на поетот ќе му попречи да ги доврши неговите творби и целосно да ги достигне своите уметнички стремежи.Сосема млад, на 35 годишна возраст на 13 јуни 1943 г. на планината Лопужник трагичната смрт ќе го одземе од светлиот ден и не го дочека денот на слободата за кого сонуваше несреќниот автор на „ Бели мугри “. И сега, кога накратко го согледавме животниот пат и поетското творештво на Рацин и ги пробудивме спомените и сеќавањата за него, ми останува да додадам дека во нашата книжевност ретко се среќава друга монументална личност како Рациновата, што на убав поетски начин изгради мост на културни достигнувања меѓу минатото, сегашноста и иднината создавајќи богата културна традиција. Таа културна традиција денес прерасна во вистинска народна смотра не само во Македонија и пошироко; на чија сцена се изведуваат културни манифестации, свечени прославии и други важни одбележувања од културен карактер, имено на 13 јуни -о. г. со големи почести - Друштвото на писатели од Скопје – традиционално ќе ја одбележи манифестацијата „ РАЦИНОВИ СРЕДБИ “, во Велес, родниот град на поетот каде ехото од неговите песни и песните на сите поети ќе одекне насекаде со порака за мир и љубов во светот.Во нашата понова културна историја, Рациновото творештво не само што е континуитет на уметничката традиција, туку тоа претставува и афирмација на современата македонска културa. За тоа е сведок Рациновата преведена поезија на повеќе странски јазици: англиски, француски, италијански грчки и др.

Македонскиот народ е горд со една вака племенита и комплетна личност на еден возвишен поет со сите добри обележја на еден македонец – соединета во името на КОЧО РАЦИН. Жалосно што основоположникот на современата македонска литература не го дочека изгрејсонцето над саканата земја, Раца мома не ја внесе дома, светот го гледаше со космополитска мисла, уште во негово време, бидејќи светот го споредуваше со братска куќа, со срце – куќа најширока. Каква напредна мила за тоа време која наполно се идентификува и асоцира на денешницава; а со тоа дознаваме и уверени сме дека Рациновото дело и литературно творештво го надживеа времето на неговото општество во кое живееше и достигна до ова современо време.Како веќе да чувствуваме дека Рацин и денес ни е потребен. Ништо друго не ни останува, само да прославиме со песна и со високо поднято зслободарско знаме закитено со поетски венец од стихови и песни на Рацин, од сите македонски поети, придружени со поетите од целиот свет; озарени со силно светнат слободарски ден над Македонија.

# Од Бога било пишано моето отечество Македонија да страда од Грците



Македонска нација

„Од Бога било пишано моето отечество Македонија да страда од Грците, па тие не ни даваат и денес мир, иако сите знаат дека Македонија била постара држава и од нивното царство" – ќе забележи во 1865 година свештеникот Димитрија од село Огут, во книгата „Житие светих" во Кривопаланечката црква.

Антологиска е борбата меѓу Македонците и Елините (Грците), која според легендите започнува некаде во 13 и 12 век пред нашата ера со битката кај Илиј (Троада).

Ниту политиката на еднаквост меѓу народите, како и почитување на верската слобода, ниту пак привилегиите со кои се стекнуваат Грците за времето на владеењето на Александар Македонски не го искорени нивниот исконски страв и омразата која ја ширел Демостен кон Македонците. Смртта на Александар и внатрешните борби за македонскиот престол, беше прилика која Грците долго ја чекаа, па ги повикаа Римјаните да ја уништат македонската држава.

Во текот на владеењето на Римската империја, а потоа и на Византија, конфронтацијата меѓу двата народа не престанала. Не помогна ниту првиот апостол Павле, кој при своето прво патување надвор од Азија ја посетил Македонија.

Апостол Павле откако го виде ноќното видение, во кое некој Македонец застана пред него и му се молеше велејќи: „Дојди во Македонија – помогни ни!", заклучи дека „Бог нè повикал да им го проповедаме Евангелието. Потоа отпловивме од Троада и патувавме право кон Самотрак, а на идниот ден во Неапол..."...

Додека во IV век, со империјата владее првиот христијански цар Константин, христијанството во Македонија брзо се шири и има воспоставена црковна хиерархија. Македонскиот император Јустинијан I кој смета дека единството на империјата подразбира и единство на верата ја признава Светата Столица во Рим како највисок црковен авторитет. Свесен дека на територијата на Македонија не живеат Грци, тој ја формира автокефалната црква Јустинијана Прима, а за да го уништи паганството ја укинува Неоплатоновата Академија во Атина.

По смртта на Јустинијан (527 - 565) настапува тешко време како за империјата, така и за населението во Македонија. Новата управа која е со грчко обележје се обидува преку Цариградската патријаршија со христинизацијата на населението да го истиснат латинскиот јазик и да го наметнат грчкиот јазик и култура. Се` до појавата на Св. Кирил и Методиј и создавањето на Самуиливото царство, ваквата политика имала тешки последици по населението во Македонија.

Оттука, свештеникот Димитрија од село Огут во 1865 година ќе забележи: „Ние сме си имале наши словенски учители и просветители Кирил и Методија, кои ни го оставија нашето славјанско писмо. Тие се родум Македонци од Солун, славната престолнина на Македонија. Тоа не ни го признава владиката Грк, па затоа ние не го сакаме да пастирува, туку да си имаме наш архипастир Славјан, во век и веков. Амин."

Во време додека владее Самуил, кој постојано војува со Грците, Охридската патријаршија како наследничка на Јустинијана Прима, била изразито непријателски расположена према Грците. Воведувањето на славјанскиот јазик во богослужбата како рамноправен со латинскиот и грчкиот јазик за Грците бил тежок удар. Меѓутоа, се` додека владее Македонската династија со Византија, Охридската архиепископија била оставена на мир. По смртта на Василј II во 1025 година престанува и толерантната политика кон Охридската патријаршија. Доаѓањето на Гркот Леон во 1037 година ќе предизвика и отпор против византиските власти. Во 1040 година се крева востанието на Петар Дељан, а во 1073 на Ѓорѓи Војтех. И двете востанија биле задушени, но тие биле отпор кон тројцата грчки владици кои во меѓувреме се на чело на Охридската архиепископија и кои се обидуваат преку неа да ја шират грчката култура и влијание меѓу Македонците и другите народи на Балканот кои биле во рамките на Охридската дијацеза. Како се менуваат освојувачите на Македонија така се менуваат и границите на Охридската архиепископија, а за архиепископи доаѓаат и Македонци. По турското освојување на Балканот, Охридската архиепископија постојано осиромашува, но таа успева да ја сочува својата самостојност се` до 1767 година, кога Цариградскиот патријарх Самуило и` го задава последниот удар. Гркот ги уверува турските власти дека Охридската архиепископија е непријател на турските власти. Последниот Охридски архиепископ Арсениј бил заточен и под притисок морал да даде оставка на 17 јануари 1767 година, а Цариградскиот патријарх со помош на видни Грци и Турци издејствувал од Султанот ираде за укинување на архиепископијата.

Укинувањето на Охридската архиепископија значеше и уништување на огромен број на книги кои се наоѓаа во македонските православни храмови. Сепак, Грците не успеваат да го уништат македонскиот народ и спомонот на неговото име.

Кривопаланечкиот учител Ѓорѓија Маќедонски во записите од 1846 година вели: „Славјанското писмо го научив од татко ми Димитрија Маќедонски, кој така се вика зашто сме Маќедонци, а не Грци, а неговиот татко се викал Јосиф свештеникот, а неговиот дедо Стоиман свештеник. И јас прекарот си го зедов Маќедонски, ... за да се знае оти сме Славјани од Македонија".

Македонскиот народ кој никогаш не ја заборавил својата црква, по неколку децении од нејзиното укинување, започна борба за обновување на Охридската архиепископија.

Сведоштво за ова ни дава Тодор Кусев, прилепскиот младинец и секретар на Прилепската општина, кој изнесува каков впечаток оставил излегувањето на првиот број на весникот „Македонија" во Цариград врз Грците и гркоманите во Битола и Охрид.

Во своето обраќање до редакторот на „Македонија" од 28 јануари 1867 година, Кусев вели:

„Вашиот весник со самото име го зачуди секого во Македонија до таа мера, што секој трча да види што весник е што го носи името на нашата земја...

Весникот кај Грците и гркоманите е дочекан со тага и бес, зашто тие секојпат воделе борба за погрчувањето на Македонците, уништувајќи ја и Охридската архиепископија - „Искрата на нашата иднина". Но и колку да се мачеа да не` сопрат да одиме напред, не можеа да го искоренат чувството сосема Македонците да не бидат Македонци.

Охрид само пред сто години беше престолнина на Патријаршијата основана од Јустинијан, а едно време и светилник на просветување на славјанскиот век, но пак не остана назад, зашто не го изгубил семето на славни свои прадедовци.

Досега тој ги испраќаше по цела Македонија, дури и во соседните земји најопитните учители, но да учат на туѓ јазик и туѓа политика, а денеска не само што не престанува да праќа, туку праќа за просвета на своите еднородни браќа и да ја откриваат заблудата како едно време кога и самите тие паднаа под заблуда. Ете денеска со задоволство гледаме како тие досегашни грчки учители ја увиделе вистината и го просветуваат народот со голема усрдност и неуморна грижа на нивниот мајчин јазик.

Денеска во Охрид засуни народниот глас во деновите на пресветлиот цар Султан нашиот татко, А. Азис. Сите досегашни грчки учители, а особено г-дин Прличев, кој беше крунисан во Атина, проповедуваше во грчки училишта за досегашните наши заблуди. Секоја недела по црквите се пренесуваат трогателни говори за заблудата и досегашната болест под грцизмот и потребата таа сосема да се искорени за да се види бел ден. Но, чунки и многу им пречи владиката и не ги остава да пеат на мајчин јазик и им ги затвора училиштата, што е против редот на високите царски фермани и ги гази сите нивни придобивки, гледајќи со четири очи, според заповедта на Портата да не го испуштат некако од своите раце и овој град, град што ги открива сите нивни мрачни дела по црковното прашање. Сите решија еднодушно, мало и големо, мажи и жени да ги испадат и да ги бараат своите права, зашто има испратени многу жалби во Цариград. Не само во Охрид, денеска се разбудуваат и ги бараат своите права и од цела Македонија. Сите гледаат да си отвораат училишта, да се воведе служба во црквите на старославјански јазик, да не ги оставаат училиштата и народните работи во рацете на еден-двајца што дошле од друго место кои по секој начин гледаат да спречат се` што е народно. Насекаде започнуваат да се воведуваат трговски книги не на грчки, туку на мајчин јазик. Мало и големо се весели под големата сенка на нашиот просветител цар С. А. Азис, и се насладуваат на тоа дека си ја осознале својата народност.

(Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први, Скопје, 1981, стр. 204 - 205)

Набргу потоа, македонското население во Прилеп на 20 јуни 1867 година се одделило од грчката црква и побараа да им се врати од „проклетите фанариоти грабнатата пред еден век народната своја Охридска архиепископија", а во 1869 година формираа и своја градска општина од 12 члена и еден свештеник.

Оваа борба со „грцизмот" никогаш не престана. Хронологијата на настаните е огромна, како и штетата по македонскиот народ.

Доказите за извршеното злосторство исто така се бројни, но, Грција никогаш не побара прошка и помирување во духот на христијанството. Се` додека тоа не го направи таа нема да го најде својот мир.

# Моркови, априлили и Македонија

MHRMI
Our time is now.

Во најновата анкета за името на Македонија и волноста или неволноста на Македонците да го сменат за да стигнат до морковот со кој ги подлажнува Комесарот на ЕУ Јоханес Хан - потенцијално членство во ЕУ - 14,1 % прифатиле промена ерга омнес (ново име за употреба насекаде), 14,4 % би прифатиле двојна формула (различно име за домашна и за меѓународна употреба), 47 % се против каква било промена на името, а 22,4568394% сакаат да ја повторат оваа анкета но само на третиот четврток во јули, во тек на полна месечина.

Замислете слична анкета во Германија или во Франција. Европската Унија би се изнасмеала на ваква првоаприлска шега.

Замислете слична анкета во Грција. Резултатите би биле сосема во насока на понатамошно дискриминирање на Македонците и на другите малцинства, дури и кога ова не би бил одговор понуден во анкетата. За бонус поени, ЕУ и ООН пак би се правеле дека не гледаат.

Замислете слична анкета во САД. Не би успеале добро да ги пребројат резултатите, па просто пак би окупирале друга земја и би се мешале во нејзините внатрешни работи за повторно да ја спроведат својата расистичка и лошо насочена меѓународна политика. И потоа повторно би ја обвиниле Русија, се разбира.

Но, да се вратиме на првоаприлската шега на оние кои би го смениле името на земјата затоа што… Чекајте, нема начин да ја завршиме таа реченица зашто НИКОГАШ не постои прилина да се смени името, националноста и идентитетот- и да се избрише нечие целокупно постоење - за да им се удоволи на „големите момци" кои му помагаат на вашиот потчинител.

Ако нешто е толку погрешно, едноставно не го правате. Не морате никому да му објаснувате. Одговорот е очигледен, како во обожаваната Декларација за независност на САД, во која гордо се изјавува дека „Ги сметаме овие вистини за очигледни, дека сите луѓе се создадени еднакви". Освен, се разбира, ако сте црнец, припадник на некое друго потчинето малцинство, или Македонец.

Друга очигледна вистина би требало лесно да се забележи. Ако САД или ЕУ тврдат нешто, постои голема шанса тоа едноставно да не е вистина (да е дрска лага). Тие тврдат дека ако Македонија го смени името има можност тоа потенцијално да се исплати.

(Како воопшто можат да изјават вакво нешто, а камо ли да го протуркаат?)

Но тие три збора се клучни: „можно", „потенцијално" и „исплати". Да провериме уште еднаш со здравиот разум и да се избришеме откако ќе се излигавиме да го кажеме горенаведеното. И да ја избришеме плунката од презирот што земји кои тврдат дека ги чуваат основните човекови права едноставно ги газат моите.

Можно: Членството во ЕУ не е гарантирано за Македонија, зашто мора да се прескокнат еден куп пречки пред владетелите на Западниот свет - Грција - да го пропуштат правото на вето и да им дозволат на нивните слуги од ЕУ да гласаат за членство на Македонија.

Потенцијално: можеме да кажеме „љубезно". Зошто јас сум само љубезен кога ќе кажам дека ова „потенцијално ќе се исплати". Единствено нешто што го гарантира ЕУ се астрономски цени кога нашата земја ќе стане членка, за потоа да се спроведат мерки за штедење за земјата да излезе од долгот кој го создала ЕУ.

Исплати: Прашајте ги Велика Британија, Романија и Хрватска. Можеме последнава поента да ја наречеме „Бегајте". Бегајте подалеку од ЕУ. Ако некому се исплати, тоа ќе биде ЕУ, а не Македонија.

Да се вратиме на анкетата. Моите предци се бореле против прогонот на Грција и го бранеле македонското име, националност и идентитет. Тие не се согласија денешните жители на земјата, по децении и векови, да можат да го сменат НИВНОТО име, националност и идентитет. Нашето име е Македонија. Прекинете ги преговорите за името веднаш, вратете го здравиот разум во НАШАТА земја Македонија, па ќе му покажеме на Западот како се прави тоа.

*Бил Николов, Претседател, Македонско Меѓународно Движење за Човекови Права*



SINCE AMSUT 1988
ASSOCIATION of MACEDONIAN STUDENTS of UofT

# AMSUT hosted its last event of the school year Summer Žurka



On Friday June 1st, AMSUT hosted its last event of the school year, its! As the name implies, this event was a celebration of the end of the school year and the ringing in of the summer. Attended by at least 150 people, ZAM Restaurant and Bar was full of young people of all races, dancing to Macedonian music and celebrating Macedonian culture. The Boys From Bouf were the entertainment of the night! The party, being on a patio, was a great success and had amazing weather. The AMSUT team wishes everyone a great summer and looks forward to its 30th anniversary year starting in September! We thank everyone for all of your support and hope that you continue to support AMSUT and its vision to be a voice for young Canadian Macedonians and an advocate for the Macedonian cause first at the University of Toronto and beyond.

*Vele Tosevski, President, AMSUT*









Ladies Auxiliary will hold a

YARD SALE







JUNE 9

ST. CLEMENT CHURCH PARKING LOT

Donate sale items until June 7th by calling 416 421 7451.




**Macedonian Human Rights Movement International supports all proud Macedonians who are standing up for their rights and against the corrupt puppets who are working on selling our Macedonian name, identity and country.**
**We will NEVER let you take out identity from us.**
**OUR NAME IS MACEDONIA.**

## Zenska Sekcija Sv Dimitrija - UNIONVILLE FESTIVAL Saturday June 2nd 2018















# St. Dimitrija Solunski Fashion Show 2018



Виолета Роштанковска организатор на модната ревија и претставник на David's Bridal:

"Како прво би сакала да се заблагодарам на женската секција при црквата Свети Димитрија Солунски, Маркам што ми дадоа можност да го претставам бутикот David's Bridal во нивната модна ревија. Исто така, би сакала да им дадам благодарност на прекрасните модели од ансамблот Билјана и на сликарката Суза Ѓоршевска за прекрасните слики кои што навистина ги покажуваат убавината на црната-бела тема на модната ревија.

David's Bridal е специјализиран бутик за невестински фустани и фустани за други посебни свечени прилики. Јас сум многу горда што сум дел од оваа компанија која е 70 години во бизнис и има повеќе од 300 бутици низ светот. Јас сум вработена во David's Bridal последните 3 години како консултант за невестински фустани. Исто така, јас сум дел од "кругот на совршеност" на David's Bridal кој е елитна група на консултанти. Ова ми е втор пат што го претставам David's Bridal на модна ревија и се надевам дека сите присутни беа задоволни со нашата презентација на фустани."

***Виолета Роштанковска.***















BREAKFAST SERVED UNTIL 4 pm DAILY
EARLY BIRD 8 - 11 am
Casual, Upscale Dining at its best!
· Family Meal · Special Celebration · Business Lunch · Weekend Brunch
Come in to Symposium and enjoy our variety of menu options
- from Breakfast to Dessert and Lunch to Late Nights -
there's something for everyone and for every occasion
VISIT ONE OF OUR 28 LOCATIONS OR SYMPOSIUMCAFE.COM
BREAKFAST • LUNCH
DINNER • LATE NIGHTS
SYMPOSIUM
RESTAURANT & LOUNGE
CAFE
See our Full Menu
SymposiumCafe.com #symposiumcafe
Proud Supporters


Triple "A" Cheese
"BEHOLD THE POWER OF CHEESE"
TRIPLE "A" CHEESE
Triple A's management team
has over 30 years of experience
in Canada and offers nutritional data,
recipes, company history
and supplies Feta cheese.
Tel: 905-678-7053 Fax: 905-678-8794
sales@tripleacheese.com
www.tripleachees.com
7210 Torbram Road, Mississauga, Ontario L4T 3L7
The Stanwyck Family


Mechanical & Collision Repairs
auto service and parts
COMSTOCK
TOWING
PRE-OWNED CAR SALES
19652 Hwy #48, Mt. Albert, Ont.
MARKO J.
905 473-5625
Марко J
905-473-5625
Панде J
За сите потреби на вашето возило јаветесе кај Панде и Марко Јадилебовски

# Коле Димески од Прилеп единствен фудбалски судија и професионален возач помеѓу црковните претседатели во Канада




Коле Димески, актуелниот претседател на црковната управа од МПЦ Св. Илија во Мисисисага е роден во Бела Црква, Прилеп од каде што



имигрира во 1969 најнапред во Германија каде што останува повеќе од 5 години, таму се оженил и се раѓа едно од неговите деца.

Од Германија доаѓа во Канада во 1974 –та година заедно со семејството со цел да отпочне нов живот на Северно-американскиот континент.

Во разговорот за весникот ,,Македонија,, господин Димески се присети на почетоците на неговата голема љубов фудбалот, како фудбалски судија започнувајќи многу млад во општинската лига во Прилеп. Направил пауза за време на неговиот 5 годишен престој во Германија каде што немал шанса да суди, но таа можност одново му се отвора во Канада кога неговиот син наполнил 8 години, па заедно станале членови на Декси Сокер Клуб во 1981 година. Коле во тоа време отпочнал да работи како тренер. Во тимот набргу пристапиле 6-7 Македончиња, со што му се овозможува да води тим и да успее како тренер настапувајќи на повеќе турнири се до освојувањето на 2-ро место во лигата.

Во споменатиот тим останува до навршувањето на 16 годинишна возраст на неговиот син.

Непосредно потоа годсподин Димески добива дозвола за фудбалски судија што е негова голема желба по што ќе остане долги години да работи како судија. Од неговите судиски моменти ги споменува судењата на стадионите: Сентенијал, Норт јорк и други кои се престиж за секој фудбалски судија.

**- Кога Македонците од нашата заедница во Канада разбраа дека имаат свој човек, фудбалски судија ме поканија да го организираме црковно-народниот собир во 1997 година. Тоа беше еден од најдобрите фудбалски турнири за што се прикажуваше и се евоцираа спомени и на последниот состанок на епархиското собрание во Чикаго**-вели господин Коле.

Во 2001 година својот судијски талент го прикажал на турнирот во рамки на црковно-народниот собир во Бафало, а потоа и во градовите и домаќини Маркам, Ејџекс и Кембриџ.

На сите собири имал задача да ги организира фудбалските турнири, а негов совет бил побаран и за време на минатогодишниот собир во црквата Св. Климент Охридски воТоронто.

Како и секој Македонец во Канада, освен хонорарните и волонтерски активности и господин Димески има постојана работа од која цели 34 години живее со неговото семејство. Уште во далечната 1984 започнал да работи како професионален возач на автобус во најпознатото градско претпријатие Мисисага Транзит. Вели дека за време на својот работен стаж имал многу впечатливи моменти. Најголем спомен има од 2000 година кога се одржувал светскиот женски турнир и при тоа му се укажала можност да го превезува тимот од Германија цели 12 дена присеќавајќи се на Германија и подзаборавениот германски јазик.

Димески работел многу пати за време на Мисисага Маратон, а годинава се среќава и со поранешната градоначалничка на градот Мисисага Хејзл Макалион.

Разговорот со Димески го продолживме осврнувајќи се на црквата Св. Илија каде што е актуелен претседател на управата.

**- Во св. Илија сум од почетокот, секогаш им помагав, се сеќавам дека во 1999 година со Славе Трајковски како добри пријатели ми понудија да бидам благајник, прифатив и останав долги години, знаете кога сте посветени долго време на нешто што ве исполнува не можете туку така да се откажете. Кога беше изборот за претседател добив поддршка и бев замолен да ја прифатам оваа значајна функција**, вели Димески и додава:

**Како благајник или секретар е многу полесно да се работи споредено со улогата на претседател кога сите проблеми одат преку тебе, тоа е навистина голема обврска.**

Димески проговори и за соработката со неговиот тим во црквата.

**- Соработката е добра, мораме да разговараме, преговараме има спротивставени мислења но сметам дека сите проблеми се решаваат со збор и на маса, така е и така треба да остане, а можам да се пофалам дека и соработката со претседателите на другите македонски православни цркви во Торонто и околните градови е одлична.**

Господин Коле ни откри дека неговото семејство секогаш му било голема поддршка, како што вели- **тие стојат зад мене овие две години, уште кога се градеше црквата, мојата сопруга**



**Милица ми помагаше и велеше: нема откажување додека црквата не се изгради, и така беше и е, и тогаш и денес Милица беше голема поддршка и стоеше зад мене и моите ангажмани.**

Димески изрази задоволство од овогодишното како и од минатогодишното учество на фестивалот Карасага, успешната прослава на Василица, наддавањето на иконите и сл.

Од идните планови ја издвојува изградбата на новата кујна во црквата за што секако е потребна поголема финснсиска конструкција.

Овој јули црквата ќе ја посети фрескосликарот Глигор Стефанов кој ќе ја заврши куполата, наскоро ќе пристигне и новиот лустер дониран од Тетовското друштво, кој е 12 фита широк и и висок и обложен со вистинско злато кој грандиозно ќе блесне во црквата- додава претседателот Димески.

Неодминливо во овој разговор го запрашавме и за состојбата и можноста за користење на паркот на црквата Св. Илија на што Димески одговори дека истиот најверојатно ќе биде оспособен за влез и употреба од наредната година во периодот од мај до септември, кога ќе треба да се да исчисти и да се донесе струја, за потоа да може да се направи убав македонски пикник.






OHRID
Music For All Occasions
Risto Riste
416-315-7375
Aco Ilieski
416-358-2605
Tanas Bandzo
416-846-6027
Toni Pandev
647-745-4897


A fun family event open to all!
21st ANNUAL
MACEDONIAN
ETHNIC FESTIVAL
2018
ST. DIMITRIA CHURCH GROUNDS
235 TELEPHONE ROAD, W. HENRIETTA NY 14586
FRIDAY
JUNE 22
5PM-12AM
SATURDAY
JUNE 23
12PM-1AM
SUNDAY
JUNE 24
12PM-11PM
LIVE MACEDONIAN MUSIC & DANCING
LIVE PERFORMANCE SATURDAY + SUNDAY | MAKEDONKA ENSEMBLE
Delicious Ethinc Dishes · Baked Goods · Drinks
MACEDONIANFEST.COM
FREE ADMISSION · FREE PARKING


Beef, Veal,
Lamb, Pork,
Poultry
ST. LAWRENCE MARKET
UPPER CUT
MEATS
Wholesale
and
Retail
Meat Packers Ltd.
"A Cut Above The Rest"
Blaze & Anica Stojanovski and Staff
Tel: 416.362.3142 Fax: 416.362.9045
93 Front Street (@Jarvis) Toronto, Ontario M5E 1C3

# Активности на женската секција од Св. Илија

На 6-ти мај 2018 во црквата Св. Илија во Мисисага верниците го прославија празникот Св.Вмч.Георгиј.По тој повод женската секција подготви ѓурговденски ручек. Претседателката на женската секција Дијана Веселиновска испраќа голема благодарност до сите присутни. Воедно беше прославен и роденденот на претседателот на црковната управа Коле Димески.

Женската Секција по повод празникот Св.Цар Константин и Св.Царица Елена со претседателката Дијана Веселиновска подготвија ручек и воедно му го честитаа имендeнот на отец Константин Митровски со желби за многу здравје и среќа








**Успешен настап на фолклорниот ансамбл ,,Илинден,, на интернационалниот фестивал организиран од страна на португалската заедница во Торонто.**
**Младите играорци предводени од доскорешниот претседател Александар Вражиновски и кореографот на ансамблот Ивица Анастасов изведоа сплетови на песни и игри од повеќе делови на Македонија.**







# ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ!!!

Од името на управата при МПЦ Св. Илија од Мисисага на чело со председателот Коле Димески и отецот Константин Митровски , од мое лично име како черрман, како и од името на Весна Трајковска како ко-черман на Македонскиот Павилјон на Фестивалот Карасага 2018 сакам од срце ви благодарам.

БЛАГОДАРНОСТ ДО:

- Сите волонтери, спонзори, организатори, учесници, гости... За посветеното време и труд со што го остварија и помогнаа да се реализира овој фестивал во полно светло. Со тоа сите заеднички ја претставивме пред светот нашата најубава земја Македонија.
- Нашите млади и дечињата кои 3 дена неуморно ги дочекуваа гостите на влезот од Македонскиот Павилион.
- Македонската фолклорна група " Илинден" од Миссисга
- Македонската фолклорна група " Македонка" од Торонто
- Македонската фолклорна група "Билјана" од Маркам
- Училиштето за македонски јазик при МПЦ Св. Илија од Мисисага
- Водителите не програмата : Никол Вражиновски, Иван Точковски и Александра Петковска.
- Македонската Принцеза - Борјана Аначин и Александар Македонски - Матеј Аначин кои 3 дена ги носеа костимите и беа најфотографираните личности на фестивалот.
- Победа Пискачева од "Маседониан Едишн" , Стефо Божаровски и Христиан Петковски за прекрасните фото и видео колажи од Фестивалот.
- Соња и Оливер Банд за незаборавната музичка програма.
- Маја и Карло за помошта околу дизајнирање на нашите флаери , промоционални реклами и постери.
- - Boby's Restaurant , Marku's Bakery, Royal Meat, Westport Meats за вкусната и свежо подготвена храна која се користеше на фестивалот.
- Сите волонтери на барот, скарата, жените шсто неуморно работеа во кујната за служење на храна и пијалоци.
- Членовите на Пензионерското Друштво " Ривер Сајд" при МПЦ Св. Илија од Мисисага.
- Славе Трајковски од " Canadian United Food Equipment " за снабдување на павилионот со сите видови на апаратиза ладење , топлење и чување на припремената храна.
- Волонтерите што помогнаа за средување и украсување на Македонскиот Павилион, товар , раствовар на цела опрема која беше употребен а на Македонскиот Павилјон од црквата до Hershey Centre и назад.

Се извинувам ако пропустив некого!!!

**ОД СРЦЕ ВИ БЛАГОДАРАМ!!!**
**СЕ ГЛЕДАМЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ПАВИЛЈОН КАРАСАГА 2019!!**

A big heart felt congratulations and THANK YOU TO ALL OF YOU for your contribution to this event to be the greatest pavilion of all!

Thank you for your dedication and continuous support to all our sponsors and hard working voluntaries.

Thank You MPC St. Ilija from Mississauga for being the heart of the Macedonian Pavilion - Carassauga Festival 2018.

**SEE YOU ALL NEXT YEAR AT THE MACEDONIAN PAVILION - CARASSAUGA 2019!!!**

**Chairman Zoran Ivanoski**



















# Macedonian pavilion - Carassauga 2018

## Host: St. Ilija Macedonian Orthodox Church

















CARASSAUGA
FESTIVAL OF CULTURES















# АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ (4)

## ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА ЕЛИНИТЕ И КОНФЛИКТИТЕ НА АНТИЧКИТЕ ГРЧКИ ГРАДОВИ-ДРЖАВИ



По пропаста на Атина и на Атинската империја во Пелопонеската војна, Спарта стана победник и продолжи со бруталната жестина да ја воспоставува својата врховна власт над античките Елини-Грци и да воведе олигархиски институции наместо демократите што претходно им беа омилени на Атињаните. Победата, меѓутоа, не беше извојувана со сопствени сили, туку преку скандалозниот сојуз со Персија, откажувајќи се од своите братства во Мала Азија, потомците на аеолијанските, ионијанските и доријанските колонии, во полза на Големиот персиски крал.

Иритирани од бесмислениот став на радикалните демократи на Атина, наместо да го обноват Мирот на Калијас со Дареј II, се вплеткаа во внатрешните работи на Персиската империја, а Големиот персиски крал од 412 година, ги помага Спартанците со своите неисцрпни средства. За возврат на тоа, тие беа подготвени, без национално гнасење, да се откажат од античките Елини-Грци во Мала Азија, за чија слобода Делијанската лига што била организирана од Атина се бореше активно се до 448 година, која се зема за дата на Мирот на Калијас.

Персиското злато е тоа што ја изгради флотата со која Спартанците го совладаа отпорот на Атина, и најпосле (404) се истошти и капитулира, и така во еден напад Персиската империја, и покрај внатрешната слабост, станала значаен фактор во грчката историја. Вистина е дека Спарта, која наскоро се скара со својот сојузник, веќе се компромитира во Суса со тајната помош на принцот Кирус во нападот со славните десет илјади против својот брат Артаксеркс Мнемон и го крена мечот против Персија, според официјалните извори, со цел да ги заштити азиските антички Елини-Грци, кои беа казнети за нивното учество во таа експедиција.

Но, патриотските мотиви одвај можеа да бидат решавачки фактор за тоа, зашто пред тоа тие ладнокрвно ги наградија градовите на Персијците. Тоа, всушност, беше повеќе алчност да се задржи силната позиција што ја освоија во Мала Азија, главно, пред големиот Лисандер, а можеби исто така желбата, како што сакаа боговите на Грција, да се исчистат самите себеси од дамката на сојузот со Персија.

Меѓутоа, додека спартанските војски најпрвин под други команди и на крајот под командата на Агесил се бореа против Персијците преку море, дома владее омраза од бруталното владеење на силата. Затоа се појави заедничко движење во Спарта, Теба, Атина, Коринт и Аргос, кое го принуди Агесил да ја прекине војната со Персија и да се бори во Елада против сојузниците.

Потоа повторно персиското злато ја одигра својата улога, меѓутоа, овојпат на страната на сојузот. Повеќе решавачки ефекти од победата на Агесил кај Коронеја имаше победата над персиската флота во Книд под команда на Атињанинот Конон (394); тоа значеше пропаѓање на моќта на Спартанците на море, а Конон можеше да ги обнови ѕидовите околу своите градови со помош на персиското богатство. Оваа меланхолична граѓанска војна, меѓутоа, која уверливо ја покажа бедата и неизлечливите делби на античката елинска-грчка групација, продолжи многу години со променлив успех.

По бунтот во Атина, Атињаните беа охрабрени и го поддржаа револтот во Персија на кипарскиот принц Еугора и непослушноста на Египет, а со новото групирање на силите ја доведоа Спарта во врска со Персија, па таканаречениот Кралски мир беше склучен во 386 година, што исто така беше именуван според вештиот Спартанец кој го договори мирот со Анталкид. Уште во 392 година, тој Анталкид, заедно со намесникот Тирибаз имаше дебатни расправи со претставниците на сојузите на Сардис. Тогаш Атињаните се уште беа доволно силни да бидат единствена сојузна држава која, врз патриотска основа, го одбија персиското барање за отстапување на брегот на Мала Азија и не признаваа оти античките Елини-Грците кои живееја во Азија му припаѓаат на Големиот персиски крал.

Поради тоа и поради други причини, спогодбата беше прекината. Меѓутоа, сега Анталкид, кој исто така беше вешт адмирал, успеа со дополнителна поддршка на бродовите на Дионисиј I од Сиракуза да ги затвори Дарданелите за Атињаните и да ги притисне исто како и во 405 година. За отпор повеќе немаше можност. Античките Елини-Грци покорно го примија мирот што Големиот крал им го испрати од Суса до Сардис во најпонижувачка форма преку Анталкид, со кој тој ги имаше поставено своите услови.

Кралскиот проглас содржеше два параграфи и едно одобрение. Првиот параграф вели дека сите антички грчки градови во Азија, како и островите на Клазомена и Кипар треба да му припаднат на Големиот крал, според вториот параграф сите други грчки градови, големи и мали, треба да се слободни и независни, а исклучок да бидат Лемнос, Имброс и Скирос, кои и беа оставени на Атина. Одобрението, пак, потврдува дека кралот во сојуз со градовите што беа со ист дух би водел војна на море и на копно против секој оној што не го прифаќа мирот.

Врз основа на овој проглас мирот беше потврден во Спарта по пат на заклетва на сите присутни на конгресот. Така, елинистичките братства од другата страна на морето најпосле му припаднаа на Големиот крал. Параграфот за автономија се однесуваше не само на интересите на персиската монархија, во која влезе и дел од античка Елада-Грција со безбројни суверени заедници, (полиси), туку и поединечно на интересите на Спарта, уште повеќе што беа укинати сите лиги на државите на кои не им се гарантираше автономијата.

Според тоа, Тебанската лига беше веднаш распуштена, додека Пелопонеската лига, чии членови само по името беа автономни, останаа да постои под раководство на Спарта. Во таа смисла, Кралскиот мир беше триумф за Спарта, која требаше сега да врши надзор над точното извршување на условите во жалосна улога на персиски застапник.

Несомнено, многу кусогледите партикуларисти, кои беа неспособни да научат од практиката, беа против тоа стариот идеал за слобода и независност да му биде загарантиран на секој полис. Така, подобрите елементи паднаа во немилост, зашто овој мир, кој, како што Исократ го постави, не беше договор, туку диктатура, им беше наметнат од персискиот крал, а тој сега како официјален заштитник вршеше врховна контрола над грчката политика.

Срамот беше уште поголем откако војничката супериорност на античките Елини-Грци беше загрозена по експедицијата на Десетте илјади, и можеше да го направи можно освојувањето на Персија, доколку наместо нивното неединство се постигнеше обединување на силите. Од најголема важност за да се разбере четвртиот век е да се сфати дека срамниот мир од 386 година беше основен Закон во Елада во период од половина век, а товарот сега беше многу поголем.

Филип прв ја поткопа основата на овој мир со обединување на нацијата во неговата Коринтска лига, а Александар целосно го укина со уништувањето на Персиската империја.

Крајот на Кралскиот мир беше проследен со тешки години за античка Елада-Грција, во кои Спарта ја искористи својата нова хегемонија за да ја прошири својата сила уште подалеку. Како заштита од спартанското напредување, Атина успеа во 377 година да формира една нова Атичка морнаричка лига, во која според условите на Кралскиот мир им гарантираше слобода и автономија на секој член на лигата. Со претпазливост кон грешките кои предизвикаа разединување на првата морнаричка лига во петтиот век, беше формирана друга организација, чија главна цел беше во тоа што секој член требаше да испраќа претставник во Федералниот совет (Синедрион) со седиште во Атина, а кој требаше да биде во врска со Собранието на атинскиот народ.

Додека оваа лига во неколкуте наредни години се прошири во Северна и во Централна античка Елада-Грција и на островите на исток и на запад, со успешни операции на атичките генерали Камбриј и Тимотеј, Теба во меѓувреме брзо зајакна во борбата со Спарта, под раковод-ството на Епаминонда, со обнова на тврдината Кадмеја, која Спартанците ја заседоа во времето на мирот со брутално насилство според тогашните правила. Непосредната цел на Епаминонда беше формирање на една обединета Ботијанска држава, и кога мировниот конгрес во Спарта во 371 година се противстави на ова, врз основа на Кралскиот мир, тој го напушти конгресот и кај Леуктра му зададе силен пораз на спартан-скиот крал Клеомброт, така што спартанската воена надмоќност заврши засекогаш.

Оваа борба кај Леуктра исто така беше од најголемо значење за развојот на македонскиот воен систем: со таканареченото „косо борбено-постројување", кое Епаминонда - неговиот пронаоѓач и еден од најголемите воени гении на сите времиња, најпрвин го примени овде, а подоцна беше приспособено и проширено од кралот Филип, Александар победуваше во своите најголеми битки, како што направи и Фредерик Велики кај Леутен.

Спарта беше понижена и не можеше да се меша во наредните години, кога Епаминонда со повторни походи во Пелопонез ја направи целосно немоќна, со ограбувањето на Месенија, врз чии плодови и снабдување со работна сила се потпираше неговата економ-ска и политичка моќ, и со организирањето на федералната аркадијанска држава со новосоздадениот главен град Мегалополис.

Меѓутоа, целите на Епаминонда беа поголеми; тој работеше за хегемонија на цела Грција. Доколку, како што беше погрешно претпоставено, неговата намера беше панелинистичка национална политика, како што во тоа време беше политичката ситуација, тој ќе побараше соединување на античка Елада-Грција под раководство на Тебанците за војна против Персија и за уништување на врховната власт на Големиот персиски крал. Наместо тоа, тој се чувствуваше како жртва на проклетството на своите години.

Со цел да воспостави доминација над другите антички Елини-Грци, тој преговараше со персискиот крал, кому јакнењето на атичката морска сила, колку што беше непријатно за око, толку му беше пречка на неговиот пат, па Епаминонда го задолжи својот амбасадор Пелопид да внимава во Суса и понизно да моли за соработка со Големиот крал. Но, во 362 година, кога Епаминонда загуби кај Мантинеј во битка која Големиот крал повторно генијално ја водеше, политиката на Тебанците како голема сила пропадна, бидејќи тоа не одговараше на вистинската моќ на државата која се потпираше и се одржуваше само врз личноста на Епаминонда.

Оваа епизода на тебанската хегемонија не беше од големо значење за античките Елини-Грци, туку само предизвика болна празнина во воената моќ на нацијата со уништувањето на Спарта. Во оваа ситуација и втората атичка морнаричка лига не можеше да егзистира. И покрај ветувањата од 377 година, Атина почна повторно да ја води политиката на првата лига во нејзината работа со членовите, па во 357 година Киос, Родос и Кос, побудени од интригите на Маусол од Карија, кренаа востание и се отцепија.

Ништо не може да фрли поголема грозна светлина врз слабите услови на Грција од фактот дека по неуспешната борба во 355 година Атина беше принудена, со закана за објавување на војна од персискиот крал, да им дозволи на отпадниците да си одат: тоа беше новиот и силен крал Артаксеркс III Окус. Така, Атина се откажа од положбата на врховна голема сила, а како резултат на тоа се создаде општ хаос во античка Елада-Грција.

Наспроти Грците застана персиската монархија. Бездруго, понекогаш изгледаше дека ќе дојде до раскин преку револтот на намесниците и провинциите, но со помош на античките елински-грчки наемници таа постојано го одржуваше своето постоење; единството на империјата беше прво и единствено, бидејќи во античка Елада-Грција имаше постојана поделба која изгледа не водеше кон обединување на силите.

Во овој конфликт на грчките држави со меѓусебен немир, не беа полесни ни внатрешните состојби на различните полиси. Дали моќта ја задржаа демократите или олигархистите, опозиционерите од непријателските партии ја изразуваа огорченоста, а доминацијата на победата стана дури подеструктивна од поразот.

Радикалната склоност на демократите, како во Атина, што започна во петтиот век стана уште поекстремна. Пролетаријатот под раководство на своите демагози се развиваше се' повеќе во доминантна класа, а популарните трибунали, кои, поради покачувањето на паричниот надомест на членовите, беа составени од победени граѓани, поделени во класа на правдата, беа насочени не само против политичките противници, туку посебно и против сопствениците на имоти, со намера да се конфискуваат.

Тоа беше основа за борба на бедните против богатите, и во тој процес се спротнаа многу радикални барања, како што беа поделба на земјата, укинување на долговите итн. Војната на класите во олигархиските држави се водеше со ист занес. Така, оние што беа прогонети и што банкротираа постојано го зголемуваа пролетаријатот без закани и сила, како што Исократ го опишува тоа во 380, а со голема нагласка во 346 година.

Тоа стана опасност за цела античка Елада-Грција. Притоа немаше големи индустриски капацитети во кои ќе се обезбеди работа за масите. Многумина станаа разбојници по патиштата, а пиратите го направија морето несигурно, но најголем број од нив беа гонети од желбата да се запишат како наемници во служба на некој управувач кој нудеше највисоки примања.

Овој наемнички систем беше големо зло што влијаеше врз целата нација. Златото на персискиот крал беше главната атракција. По шокот на походот на „десетте илјади", тој настојуваше се повеќе да се потпре врз армијата грчки наемници. Меѓутоа, неговите напори делумно беа неостварени, бидејќи непослушните наемници и земјите, како што беше Египет, се запишаа како грчки наемници за да се борат против него. Античка Елада-Грција не даваше само војници, туку и офицери. Мнозина од најглавните генерали во тоа време, доколку беа невработени или имаа чувство на одвратност спрема политичките домашни услови, се приклучуваа кон странските служби и често му го вртеа грбот и се бореа против Големиот крал. Ова растурање на националната моќ одеше во корист на странците!

Комотноста што наемниците можеа да ја најдат имаше друга злонамерна последица; во античка Елада-Грција многумина од заедниците започнаа да се запишуваат наемници, со цел повеќе или помалку да ја избегнат обврската за служење војска за својата земја. Дури кога атинскиот Ификрат организира едно ново тело на лесно вооружани припадници, изгледаше дека граѓаните мислеа оти е подобро да се отиде во тешка вежба што е потребна за оваа нова формација отколку да се регрутираат во наемници.

Најлошо беше пропаѓањето на старата идеја на државата што еднаш ги инспирира граѓаните со гордо сознание дека нивна највисока и благородна обврска е да ја бранат својата држава со својот имот и со својата крв. Државата стана се' повеќе почитувана и поддржувана институција, чија главна задача беше да ги убеди граѓаните за можниот лесен и удобен живот и да им организира величествени фестивали. Така, во Атина, по спомнатиот неславен крај на социјалната војна во педесеттите години, неизбежен резултат беше еден пацифизам, кој ја напушти политиката на империјалната сила, поттикнувајќи ги и зголемувајќи ги материјалните интереси.

Но, идејата на полисот не само што ослабе во тешката борба за живот, туку беше разнишана и од теориите на водечките интелектуалци. Индивидуализмот проповедан од софистите во далеку поинтензивната интелектуална револуција на петтиот век, повеќе го јакнеше чувството што дотогаш преовладуваше кај припадниците на државата. На највисоката вредност на животот, според законите што беа донесени за граѓаните на полисот, и се противставија софистит, ги оспорија природните права на единката и ги прогласија законите како конвенции на луѓето.

Прокламирајќи го правото на посилниот, тие удрија на корените на полисот. Колку опасно би било оживотворувањето на овие доктрини во практиката, се покажа од намерните настојувања на Алкибијад да изигрува супермен. Сократ, се разбира, се бореше за оддалечување од таа доктрина, но додека неговите барања за професионална обука на граѓаните и за формирање на власт од експерти, одговараше за целосна трансформација на древниот полис, вистинското пропаѓање на полисот, што се случи во четвртиот век, водеше само кон зајакнување на индивидуализмот и напуштање на идејата да управува државата.

Концептот според кој личноста е доволна сама за себе со своето знаење и моралност и нема потреба од државата, го доведе Сократовиот Антистен, основачот на циничното училиште, синот на Тракијка која не можеше да стане граѓанка на Атина, до идеалот за една целосна заедница на човечкиот род. И така се појави космополитската идеја, која понатаму ја разви неговиот ученик Диоген од Синоп, кој го искова зборот космополити, „граѓани на светот". Таа фатална фраза со својата волшебност трае до денешни дни.

Меѓутоа, светската империја создадена од Александар беше поинаква од овој космополитизам. Нема сомнение дека оваа идеја на циниците беше еден од елементите со кои се карактеризира четвртиот век, кој го подготви елинистичкото мислење за универзалната империја.

Продолжува

Пишува: СЛАВЕ КАТИН

www.slavekatin.com

# LERIN REGION MACEDONIAN CULTURAL ASSOCIATION OF CANADA

**Our Mission:**

***To Protect the Macedonian ethnic Identity and culture in our homeland and all parts of the world.***

## ANNUAL PICNIC

**Sunday, July 8th, 2018**

## ILINDEN PARK

**Featurin: The Boys from Bouf**

Admission: $**10** per person, Youth under 18 free

Bring your family and friends! Let's get togetherfor a day of fun.

The Tradition Continues: FREE Corn-on-the-cob!




Illinden Park is located on Highway 12 just north of Port Perry. (You will see the Macedonian flags on your right side.)










jtos, Ahil (Ail), Armenoro, Armensko, Banitsa, Bel Kamen, Besfina, Bitusha, Boreshnica, Breznica, Bukovik, Buf, Bushkani, Dragumica, renevo, Drobkiskta, Ekshisu, Elevish, Elovo, German, Goricko, Gornichevo, Grazhdano, Guljanci, Jurukovo, Kabasnica, Kalenik, alugerica, Kjosiler, Klabuchishta, Kladorobi, Kleshtino, Kolarica, Kotori, Krapeshino, Krushoradi, Kuchkoveni, Lagino (Lagen), Lerin, azheni, Leskovec, Lechovo, L.k (Lak), Ljubetino, Lopushec, Maala, Mateshnica, Medovo, Mokreni, Neveska, Nevolajani, Negovan, legochani, Neokazi, Nov Kavkaz, Novoselsko, Nered, Nivici, Novi Grad, Novoselko, Opaja, Orovo, Orta Oba, Oschima, Papadija, Papli, atele, Pesoshnica, Petorica, Petarsko, Perovo, Pleshevica, Popozhani, Prekopana, Psoderi, Psoderski, Rakovo, Rahmanli, Rabi, Rosen, udari, Rudino, Rudnik, Rula, Sakulevo, Sveta Petka, Selce, Setina, Shaaovci, Shtrkovo, Smrdesh, Sorovitch, Sotir Spanci, Srebreno, tan, Trnaa,Trnovo, Trsje, Tserovo, Vineni, V.mbel, Voshtarani, Vrapchin, Vrbeni, Vrtolom, Zabrdeni, Zelenich, Zhelevo, Zhupan




# How Drinking Coffee Change Our Lives

One year ago, I was let go from a long time and what I thought was a "secure job". I had put endless hours, days, months and years into my different roles with a company, and just like that I was made redundant.I faced the reality that a computer program would be taking over my very important role in a multi-million dollar industry. A reality that is becoming all too common these days. At the time, my husband and I decided that for the foreseeable future, I would stay home with our three kids and two dogs and we would figure it out as we went along.

We took things one day at a time and were getting by financially, but I felt I needed to do more, and help contribute towards our family.

Like most moms, I found this new found "stay at home parent" position was wearing me thin, to say I love coffee is an understatement. I was fueling myself on endless amounts of coffee and other sugary drinks go get me through my busy day. I was tired, lethargic and constantly feeling I was running on empty. Not to mention, I was putting on weight.

An old highschool friend I was connected with on facebook kept popping up on my newsfeed. Posting about how this "SlimROAST" coffee was working for her, how amazing her team was doing in business, all the great opportunities that were coming her way, and how much her life had changed for the better. I was curious about what she had been upto over the years, so I reached out.

Never in a million years did I think my love of coffee, and people would combine to an amazing opportunity.

Since starting this journey not only has my health changed but so has my financial future. Presenting Valentus to others has been effortless as their is a product for everyone, it is not just weight loss. I am so pleased I started on this journey, and reached out. I got my health back, I'm working to achieve my wealth and I'm doing this on a part time basis around my family's hectic schedule.

A few months into my journey with Valentus, I met Maya, like me a stay at home mom. While our unexpected friendship began over me buying a puppy from her Dog's litter we became close friends quickly. We bonded over the dogs and life in general. It felt as if we had been friends forever.

Maya began to see that I was running a business from home, working how much I wanted, when I wanted she too became curious. She approached me about Valentus and asked me about a million questions.

Coming from working for over 10 years in the medical field, she left so she could focus on raising her Three Children. She also manages her husbands construction company on the side. She felt that it wasn't enough and needed to do something for herself.

She then decided it was time to team up with me on this journey and I could not be more grateful for such a hardworking and dedicated business partner.

We are now in this journey together not only to help people be the healthiest versions of themselves, but to show people how they can also change their financial future through this amazing opportunity.

## A Little About our Products

With Valentus Prevail Products, people all over the world are experiencing a new kind of health and vitality.*

Formulated with the purest natural ingredients from some of the most pristine locations on the planet, we pride ourselves not only on creating products that get results, but on creating products that are good for your body.*

With a line up of exciting products, I will do a short overview of the benefits you could expect when taking these functional beverages.*

**SlimROAST®**
- Controls appetite
- Regulates sugar absorption
- Regulates fat absorption
- Promotes brain health and focus
- Elevates mood
- Antioxidant

**Prevail Energy**
- Works in minutes
- Boosts energy
- Lasts for hours

**Prevail Immune**
- Packed with Antioxidants
- Supports Immune Health
- Vitamins and Minerals

**Prevail Trim™**
- Proprietary Formula
- Healthy Weight Management
- Lasts for hours

**Prevail Breakthrough AM/PM™**
- Manage Weight
- Support Healthy Metabolism
- Help Detoxify and Replenish




## How We Can Help

Are you looking to increase your health? Are you looking to increase your wealth? Or would you like to do both?
Both Maya and I are here to help you achieve your goals, support and guide you on whatever journey you choose.
For inquiries on products, or business partnerships feel free to contact us with the information provided.

*Marta Ventura*
*myvalentuscup@gmail.com 905.251.1593*
*www.experiencevalentus.com/myvalentuscup*

*Maya Pavicic*
*valentusbodyworks@outlook.com 226.929.0009*
*www.experiencevalentus.com/valentusbodyworks*


ДЕЦАТА ОД БУФ
LIVE
2017
Music For All Occasions
THE BOYS FROM BOUF
Chris Klashoff
(905) 520-1474
chrisklashoff@royallepage.ca


mAry
TERPO
sales representative
Buy and Sell
with
Confidence.
RE/MAX
PERFORMANCE
(905) 270-2000
D: 416-988-2696
MaryHome.ca
mary@maryhome.ca


Macedonian Wines and Spirits Licence No. 54522
RED WINES:
TERRA MAKEDONIKA, VRANEC RESERVE,
CABERNET SAUVINGON, VRANEC SEMI-DRY, SHIRAZ, PLAVAC.
WHITE WINES:
MUSCAT FRONTIGNAN, CHARDONNAY BARRIQUE, PINOT GRIGIO,CHARDONNAY
ROSE WINE
RAKIJA:
ZOLTA-BRANDY, BELA-STAROKRAJSKA, GROZD STRUMICKA MASTIKA
To order call Andy 416-735-2401 macedonap@rogers.com

# СВЕТА НЕДЕЛА – БАНКЕТ – 2-ЈУНИ-2018

## За слава на Светата, Едносуштна, Животворна и Неразделна Троица – Отецот, Синот и Светиот Дух



**Обраќањето на Отец Илија Димитриески:**

Добра вечер почитувани Оци, ценети гости, верни членови на нашава црква, браќа и сестри добро ни дојдовте. Еве веќе традиционално секоја пролет нашав црква не прегрнува во нејзините свети пазуви и непрестано се моли за сите нас пред престолот на Бога. Света Недела се застапува за сите нас, се застапува затоа што вие почитувани браќа и сестри преку вашите жртви, преку вашите даренија, преку вашата љубов, покажавте и докажавте колку многу го сакате Бога и Неговата света црква. Зашто знаете дека голема светиња е оваа наша црква и голема мудрост се лее од нејзиниот олтар, бидејќи Бог ни дава повеќе вера, повеќе почитување, и молиме на нашиот род да ни даде повеќе родољубие.

Оваа вечер мојата душа е исполнета со голема возбуда, на ова место и во овој ден кога излегувам пред вас за да го искажам она што со зборови не може да се искажи. Кога како дете мојата мајка ме водеше во црква, и кога од далеку ќе ја здогледавме црквата ќе ми речеше да молчам. Пред светињата треба да молчиме ми велеше. А оваа наша црква и овој голем ден се возвишена светиња пред лицето на Бога и пред народот наш, така што навистина побожното молчење е поголема утеха за душата од секој кажан збор. Но еве бидејќи стојам пред вас, му се молам на Бога моиве зборови што ќе ги кажам колку толку да бидат за утеха и за радост на сите кои ме слушате.

Сепак морам да кажам дека ништо не се случува без Божја промисла. Ни едно дело не се создава во човекот, туку во Божјата промисла, и не се завршува по волја на човекот, туку по Божјо допуштање. Така и ова мое доаѓање овде во Света Недела да беше по моја волја би бил овде многу одамна, но тогаш Бог знае зошто не беше допуштено. И сега сум овде. Стојам со вас, помаган и поткрепуван од вашата вера која раѓа мир, љубов и слога помеѓу нас.

Браќа и сестри вие несебично дадовте искрена подршка и во мојата работа и во работата на управниот одбор при нашава црква. Сакам во кратко да сублимирам кои работи ги преземавме да ги исполниме, кои работи ги исполнивме и кои работи се уште чекаме да бидат довршени. Сакам со чисто срце да ја пофалам жртвата што ја даваат членовите во управниот одбор и во женската секција на нашава црква. Голема е жртвата и голем е подвигот и на претседателот на нашава црква Господинот Славе Бунтески за кого го молам Бога да му даде благослов и сила духовна да доврши се што е започнато.

Беше предизвик за сите нас, тешко ни беше кога гледавме како целиот покрив пропушта вода, прокиснува таванот и ѕидовите. Бевме загрижени, се прашувавме, размислувавме, донесувавме одлуки и решенија; како сето ова да се поправи. Баравме пат и начин како да се справиме со сето ова. Наша одлука беше да направиме консултативна средба со Господинот Ристо Камчев кој е градежен инжињер. На средбата Ристо со неговото искуство и знаење ни даде совет како да го решиме овој за нас голем и тежок проблем со покривот на црквата. Претседателот Славе заедно со управниот одбор ги прифатија советите на Господинот Ристо и еве јас би сакал по ред да ви кажам и да ги набројам сите зафати што ги направивме:

**Прво целиот покрив на црквата е сменет е нов. Второ, Ја исчистивме мувлата и влагата што ја имаше во северниот ѕид и во таванот од црквата. Трето, Надворешните ѕидови на целата црква ги исправме и ставивме силер за да бидат ѕдовите заштитени. Четврто, Црквата, црковната сала, кујната, ходниците и сите простории ги исфарбавме. Петто, го реновиравме санитарниот дел – вашрумите. Шесто, надворешните скали се работат и скоро ќе бидат завршени. Седмо, Во црквата каде се служи света Богослужба е направен Иконостас во резба и за две до три недели ќе биде поставен. Осмо, За таванот на црквата, за кубето се изработени фрески – икони и тие ќе бидат поставени заедно со иконостасот. Деветто, Влезната врата на црквата исто така е изработена од костеново дрво и е опкована со метал – брас и ќе има орнаменти од животот на Света Недела.**

Нашата желба и мојата молитва беше сето ова да биде завршено до оваа вечер на овој наш банкет и сите ние да го видеме, но, Божјата волја беше поинаква и Бог го одредува времето, па ние стрпливо ќе чекаме. Со Божји благослов, со вашите дарови сето ова ќе се заврши за кусо време и сите ние ќе ја видиме убавината и славата на нашава црква Света Недела.

Браќа и сестри убавината на црквата Света Недела е изблик на вашата вера, таа ја покажува чистотата на вашата душа, таа е вашиот дар пред Бога. Вие со вашата жртва, со вашиот дар, со вашиот труд ја украсивте и самите себе си се вградивте во светото македонско дело. Вашите имиња вечно ќе бидат запишани на ѕидовите од оваа велелепна црква и ќе ги инспирираат вашите деца, вашите внуци и вашите идни поколенија.

Сега сите ние најдувајќи се овде заедно во овој Божествен дом не смееме да бидеме без молитва и без љубов. Во молитвата Бог да ни биде сојузник, помошник и заштитник, и во љубовта за животот наш да ни биде радост и сила и светлост.

И така во ова наше свето место да си ветиме дека ќе имаме постојана љубов, постојана молитва и постојан дар за црквата наша. И така од ова наше свето место сите да си отидеме во нашите домови подобри и почисти, посвежи и повредни, похрабри и поснажни, и така во нашите домови да ја продолжиме постојаната молитва на Бога и дакажеме: Помогни Боже браќата да се сложат, па во слога и љубов братска вечно да живееме. Амин.







# Црквата Св. Недела ќе блесне во ново руво по реновацијата вредна 1 милион и 100 иљади долари

За време на првиот јунски викенд управата на македонската православна црква Света Недела од Ејџекс заедно со доброчествите Македонци, верници и бизнисмени одржа еден од најуспешните донаторски банкети за црквата Света Недела. Банкетот се одржа во големата сала на МПЦ Св. Недела во Ејџекс. На банкетот присуствуваа и бројни македонски верници, почитувачи, донатори од Торонто и околните гадови.

Како што пишувавме во повеќе наврати во минатите изданија на весникот ,,Македонија,, дождовите кои го нагризаа трошниот покрив на црквата Св. Недела предизвикаа штета и прокиснување во црквата, што за претставниците на црковната управа беше аларм за потреба од итна интревенција врз покривот на Св. Недела.

По целосното завршување на зафатот со црковниот покрив и санитарните простории лоцирани веднаш до банкетната сала , активности продолжија со преправки на црковните скали врз кои сеуште се работи, а во црквата пристигнува и прекрсниот иконостас кој ќе ги краси светите простории.

Според зборовите на претседателот на црковната управа во Св. Недела г-ин Славе Бунтески

црковната управа вложува огромни напори преку огранизирање на донаторски банкети и индивидуални донации од верниците да го заврши овој огромен зафатот без ниту еден долар заем.

На банкетот прв зеде збор претседателот на црковната управа г-ин Бунтески, а свое обраќање имаа и парохискиот свештеник Отец Илија Димитриески и архиерејскиот наменсик Отец Трајко Босеовски по што на најзаслужните им беа врачени плакати во знак на благодарност за несебичната финансиска поддршка на црквата за време на реновирањето на црквата.

Овој донаторски банкет донесе многу вредни донации од бројни македонски бизнисмени и докажани дарители.

За музиката и веселото расположение се погрижија познатиот македонски оркестар од Канада ,,Румба,, и интерпретаторката Соња Лозановска.

Почитувани читатели, доколку сакате да се приклучите и Вие со своја донација јавете се во црквата Св. Недела на телефонот: 905-426-5355.





















# Прв македонски фолклорен фестивал во Колумбос, Охајо



Во текот на вториот викенд од мај, на 12 мај во црквата „Успение на Пресвета Богородица“ во Колумбос, Охајо, која е една од значајните македонски православни цркви во САД се одржа првиот фолклорен фестивал на кој што учествуваа домашната играорна група ,,Македонски Танец,,, како и: Ансамблот,,Гоце Делчев“ од црквата „Свети Кирил и Методиј“ во Сидер Гроув, двете групи на културно-уметничкото друштво „Танец“ од црвата Св. Богородица од Детроит, како и фолклорниот ансамбл ,,Илинден,, од македонската православна црква Св. Илија од Мисисага, Канада.

Фестивалот со пригодни поздравни зборови го отвори претседателот на црковната управа од црквата домаќин Благој Станишовски кој упати срдечно добредојде во име на домаќините посакувајќи им убав престој во градот Колумбос.

Следуваа настапите на фолклорните групи кои со автентични и стилизирани македонски носии и сплетови ги освоија срцата на присутните гости, измамувајќи насмевки и радост на нивните лица и срца.

За прекрасниот пречек освен членовите на црквованата управа, забележеителна улога имаше и женската секција која придонесе гостите да се чувствуваат како во свој дом.

По фолклорните настапи следуваше забавна вечер со звуците на групата на Соња и Оливер од Торонто, Канада.

За потсетување, црквата „Успение на Пресвета Богородица“ е осветена на 9 мај 1965 година од тогашниот архиепископ скопски прв митрополит македонски г.г. Доситеј, во сослужение на бројни свештени лица, а во присуство на неколку стотици македонски верници од етничка Македонија, претставници на американското општество и медиумите. Во рамките на црковната општина со успех работи: женска секција, неделно училиште, потоа фудбалскиот клуб “Македонски танец”, хорска, младинска, пејачка, рецитаторска и други секции.

Црквата „Успение на Пресвета Богородица“ повеќепати беше домаќин на македонските црковни народни собири, а на собирот во 1985 година, тогашниот градоначалник на Колумбос го прогласи американско-канадскиот архиереј, митрополитот Кирил за почесен граѓанин на градот Колумбос, Охајо.

Овој прв успешен македонски фолклорен фестивал ветува нови средби и другарувања и во останатите македонски православни цркви чии што претставници учествуваа на фестивалот.


























Dr. Andy Plukov
Family Dentistry
Healthy teeth and gums are a vital part of your overall well being. They are also a part of your appearance and confident smile. We provide dental services in a comfortable, caring and professional environment.
416-265-0197
STEELES AVE.
#716
GORDON BAKER RD.
HWY #404
VICTORIA PARK AVE.
FINCH AVE.
716 Gordon Baker Road, Suite #107, Toronto, ON, M2H 3B4


THE MECHANIC'S SHOP
79 WINTER AVE., SCARBOROUGH, ON M1K 4M2
Danny Indzevski
T: 416-267-6033
F: 416-267-7852
REPAIRS TO ALL MAKES, DOMESTIK & IMPORTED CARS & TRUCKS
COMPUTERIZED FOUR WHEEL ALIGNMENT


CANADIANA
FLOWERS
www.canadianflowershop.ca
FTD
TEL: 416-265-6867


MAKEDONSKO PATRIOTSKO RADIO
"OBEDINETA MAKEDONIJA"
Секоја сабота од 9-10 наутро на
CHKT AM 1430
Тел. 905-265-2197
dimovskid@rogers.com


AR
All-Risks Insurance
BROKERS LIMITED
Auto | Home | Life | Commercial
Tommy A Boichevski Managing Partner
511 McNicoll Avenue, Suite 202, Nort York, ON, M2H 2C9
Bus:416.628.7949 Fax:1.855.552.7329
Cell:416.986.9973 E-mail: tboichevski@all-risks.com


Danny Risteski
Marketing Coordinator - Europe
phone +1 416 631 3141
cell +1 416 399 6314
fax +1 416 736 8533
toll free 1 800 668 7475
101-8800 Dufferin street Concord, ON L4K 0C5
danny@victours.ca
www.victours.ca
VICTOURS


Sonja&Oliver Band
Music for All Occasions
Phone: 647-406-4500


WE'RE BACK!
4th ANNUAL
ROCKIN' PARTY!
HOSTED by
Elizabeth Naumovski
& Natasha Denkovski at the
Ashbridges Bay Yacht Club
Toronto, Canada
Classic Rock live performance by
Cellar Door
joined by
DJ SteveP
Appetizers included
Silent auction
Free parking
Cash bar
All proceeds will benefit the Macedonian Film Festival
$50
admission
$35 tax receipt
SATURDAY
JUNE 16, 2018
8:00 p.m. - Closing
TO PURCHASE TICKETS, VISIT
www.MacedondianFilmFestival.com


SAVE THE DATE
DOORS OPEN TORONTO
PRESENTED BY GREAT GULF
MAY 26 & 27 /2018
@ CANADIAN MACEDONIAN PLACE
& CANADIAN MACEDONIAN HISTORICAL SOCIETY MUSEUM
850 O'CONNOR DRIVE
DOORS OPEN THEME IS FILM WITH MACEDONIAN FILM FESTIVAL
ROCKIN' PARTY
JUNE 16 /2018
@ ASHBRIDGES BAY YACHT CLUB
4TH ANNUAL
CHECK WWW.MACEDONIANFILMFESTIVAL.COM FOR TICKETS AND INFO
MACEDONIAN FILM FESTIVAL
OCTOBER 20 & 21 /2018
@ CARLTON CINEMA
CHECK WWW.MACEDONIANFILMFESTIVAL.COM FOR TICKETS AND INFO

SB Video

Weddings, Engagements, Christenings, Anniversaries, Birthdays
Transfer VHS to DVD and PAL to NTS System

bozarovskistefo@aol.com
Phone: 416 -299-7710
Cell: 416-476- 4133



Бошко Рајчовски - Пелистерски
070/947-957 MK

Boshko Rajchovski - Pelisterski
Tel: 810-335-5552

P.O. Box 152
eMail: brajcovski@gmail.com Sterling Heights MI 48311

MACEDONIAN RADIO PROGRAM
"ORO MAKEDONSKO"



DETROIT: Sunday 5:00 am - 6.00 pm EST - WNZK 690AM
Saturday 3:00 pm - 4:00 pm EST - WPON 1160AM
CHICAGO: Sunday 3:00 pm - 4:00 pm CDT - WNWI 1080AM
Facebook: Oro Makedonsko (We Are On "24 Hours A Day - 7 Days a Week)
Program Directors:
Sandra Tel: 312-774-6778 &
Boshko Rajchovski - Pelisterski Tel: 810-335-5552
eMail: OroMakedonskoChicago@gmail.com eMail: brajcovski@gmail.com



Janovski
COUNTER TOPS Ltd.
Since 1975

We Are The Manufacturer - Over 1000 Colours

| Laminates | Quartz | Custom Edges |
|---|---|---|
| • Formica | •Silestone | • Oak |
| • Wilsonart | •Hanstone | • Maple |
| • Arborite | •Ceasarstone | • Solid Surface |
| • Pionite | | • Bevel Edge |
| • Nevamar | | |

OUR COUNTERS ARE TOPS

Residential - Commercial - Prompt Service - Quality Work

905-475-0185



Monday - Friday: 8 - 5 / Saturday: 8 - 1

Apple Creek
Spy Court
Woodbine
McIntosh
X

25 Spy Court - Markham, Ontario

ALTOS
FLOOR COVERING
FLOORING SUPPLIES & ACCESORIES

Yiltan Ozbayrak

9-50 Galaxy Blvd. t:416 674 5004
Toronto, ON M9W4Y5 f:416 674 5002
e: yiltan@altosflooring.com



Windsor, CANADA

C.J.A.M. 99.1 Fm Every Saturday 1:00 to 2:00 pm
Radio Program
VARDARSKI BRANOVI
Hosted by Tom Damceski "Vardarski",
Cell: 519-980-2988;
Studio Phone: 519-971-3630
e-mail:maknetome99@hotmail.com
www.cjam.ca

MakBiz.Net
International online business directory of Macedonian Businesses and Professionals

HERITAGE FUNERAL CENTRE
O'Connor Bros & Ralph Day Chapels

- Ние нудиме услуги во централниот дел од Торонто
- Ново и прекрасно просторно место
- Прекрасен паркинг за 200 автомобили
- Најниски цени за голем број услуги
- Наполно пристапно за хендикипирани лица



Нашето Фамилијарно Истражување за вкупните услуги
кои ги нудиме покажа резултат од категоријата "Одличен"

50 Overlea Boulevard www.heritagefuneralcentre.ca 416-423-1000



# Прослава на храмовата слава на МПЦ „Св. Кирил и Методиј“ во Вилоубрук, Илиноис

Со прославата на храмовата слава на МПЦ „Св. Кирил и Методиј“ во Вилоубрук, Илиноис, започна убава традиција на заедничка прослава на патроните меѓу трите сестрински цркви во Илиноис и Индијана. Со Светата Литургија чиноначалствуваше Владиката Методиј, во сослужение на отците Тони, Стојан и Георгиј, и присуство на верен народ од сите три парохии. На крајот од службата беше благословен празничниот леб и се избра нов кум.

Потоа следеше свечен банкет со пригодна програма, на која своја приредба имаа децата од црковното училиште во Вилоубрук, како и играорните групи од Индијана и Чикаго. Прославата продолжи со прекрасна музика и добра забава.

Нека им е честит патронот празник на нашите браќа и сестри од Св. Кирил и Методиј и нека е за многу години! Исто така, им благодариме на домаќините за убавиот пречек и гостопримство.

Се гледаме во јули, за Петровден, за нашата храмова слава овде во Индијана!

### *STS KIRIL & METODIJ PATRON SAINTS DAY CELEBRATION*

With the celebration of the Patron Saints Day of the MOC "Sts. Cyril and Methodius "in Willowbrook, Illinois, a beautiful tradition has begun of joint celebration of the patron saint days among the three Macedonian sister churches in Illinois and Indiana. The Divine Liturgy was led by our Bishop Metodij, in concelebration of the Fathers Tony, Stoyan and Georgij, and the presence of a faithful people from the all three parishes. At the end of the service, the festal bread was blessed and a new Godfather was chosen.

Then there was a banquet with a convenient program, prepared by the children from the church school in Willowbrook, as well as the folk dance groups from Indiana and Chicago. The celebration continued with beautiful music and good fun.

Congratulations to our brothers and sisters at Sts. Cyril and Methodius for their Patron Saints Feast and let it be for many years! Thank you to the hosts for the wonderful hospitality.

See you in July (Petrovden), for our Patron Saints Day celebration here in Indiana!





**Dr. Elizabeth Dimovski**

**Family Dental Office**

**Home of the FREE Custom Mouth Guard**

**For all our sports-playing patients! Call for details today!**

**2 Philosopher's Trail, Unit #1, Brampton, Ontario, L6S 4C9**

**905-458-6620**


# Република Македонија Ерга Омнес

UNITED MACEDONIAN DIASPORA
ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА

Република Македонија Ерга Омнес

Обединетата Македонска Дијаспора (ОМД), во контекст на новонастаната загрижувачка ситуација во татковината предизвикана од крајно несериозното, не-државничко и деградирачко делување на претставниците на двете најголеми политички партии на Македонците во Република Македонија, по повод исходот од средбите во Њу Јорк и Брисел, и продолжување на преговорите на името, го изјавува следново:

Со последниот предлог за промена на името за севкупна употреба вкучувајќи и промена на Уставот на Република Македонија, владата на Република Македонија изврши предавство на нацијата и се обидува сериозно да ја наруши независноста и суверенитетот на државата, ставајќи се во служба на силите кои вршат идентитетски, историски и културен геноцид на Македонскиот народ. Со аматеризам и полтронство, без трошка визија, самопочит и без никаква заложба за почитување на основните и универзални вредности за рамноправност, со дигнитет и меѓусебна почит, се прават обиди за уништување на вековниот идеал на Македонецот за сопствена држава создадена врз Крушевскиот Манифест и Асномската Декларација. Со своето полтронство и аматеризам, подпомогнати од невладини активисти со сомнителен кредибилитет, професионализам, етика и морал, финансирани од извори кои спроведуваат национални интереси на туѓи држави, сериозно ги загрозуваат угледот на Македонската држава, достоинство и иднина.

Во овој момент, сите ние имаме историска одговорност, користејќи ги демократските средства, по мирен и разумен пат, по примерот на Ганди и Мендела и следејќи ги идеалите на Гоце Делчев, да го одбраниме тоа што е наше, за нас и нашите поколенија.

Поради горенаведените причини, ОМД го повикува Македонецот без разлика на својата етничка, верска и идеолошка припадност и определба во Република Македонија и Дијаспората, на следниве чекори и активности:

- **Го повикуваме народот на зголемена активност, организирање на мирни протести и јавни манифестации како начин на изразување на несогласност со деструктивните политики во Република Македонија.**
- **Ги повикуваме македонските медиуми на транспарентност на националното незадоволство наместо лажирање на национален концензус во прилог на актуелните политики.**
- **Ги повикуваме интелектуалниот кор во државата да го поттикнат својот народ во одбрана на Уставот на Република Македонија.**
